ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
63 Бр. 663/14-1
19.05.2014 год.
СКОПЈЕ

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 14.4. и 15.4.2014 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2013 година, и на Општа седница одржана на 19.05.2014 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија, во остварувањето на својата надлежност согласно Законот за судовите, на Проширената Општа Седница ги разгледа извештаите за работа на судовите во Република Македонија.

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката. Таа положба е битна и одговорна токму за оценката како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ефикасни и квалитетни во обезбедувањето на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира ажурност во решавањето на предметите во судовите на Република Македонија за 2013 година. Судовите во Република Македонија вложиле голем труд, скоро сите со постоечките персонални, материјални и финансиски услови за работа, успеале да го совладаат приливот на нови предмети, а решавале и од заостатокот со што ефикасно ја завршиле 2013 година.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира дека со пополнувањето на судовите со соодветен кадар по упразнувањето на работните места со исполнување на условите за пензионирање, со обновувањето на информатичката опрема, континуирана едукација, како и со подобрување на материјалната и финансиска состојба, ќе се постигнат уште подобри резултати во обезбедување на ефикасното работење на судовите.

## 2.Состојба со предметите во 2013 година

Судовите 2013 година ја започнале со вкупно 195.576 предмети во кои се опфатени предмети со ориентациона норма и без ориентациона норма и судската управа. Во текот на 2013 година вкупно во сите судови примени се 480.077 предмети. Во 2013 година судовите имале вкупно во работа 675.242 предмети од кои погрешно заведени 411 предмети. Решени се 498.255 предмети. Останале нерешени 176.987 предмети. Со тоа, судовите во 2013 успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 18.589 предмети.

**Состојбата на предмети опфатени со ориентационата норма по судови е следна:**

Вишиот Управен суд ја почнал 2013 година со заостаток на 41 предмет од 2012 година. Во текот на 2013 година примил **1.961** предмет, решил **1.915** предмети, со што останале нерешени **86** предмети. Со тоа го зголемил заостатокот за 45 предмети.

Управниот суд ја почнал 2013 година со **14.228** нерешени предмети, примил нови **12.846** предмети. Во 2013 година решил **14.544** предмети, со што останале нерешени **12.461** предмет. Со тоа Управниот суд успеал да го совлада приливот на нови предмети и го намалил заостатокот за **1.767** предмети.

Апелационите судови 2013 година ја започнале со нерешени **6.000** предмети, примиле нови **35.235**. Во 2013 година Апелационите судови решиле **36.219** предмети, а останале нерешени **4.990** предмети, со што Апелационите судови го намалиле заостатокот за **1.010** предмети.

Основните судови 2013 година ја започнале со нерешени **140.452** предмети, примиле нови **289.594** предмети. Од овие решени се **308.737**, со што останале нерешени **121.059** предмети. Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **19.393** предмети.

Од ваквиот компаративен, но и од табеларниот преглед, произлегува дека во 2013 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, освен следните судови:

Вишиот Управен суд кој го зголемил заостатокот за мал број, од 45 предмети.

Основниот суд Охрид кој го зголемил заостатокот за 1.830 предмети и Основниот суд Штип за 374 предмети.

| ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РМ ВКУПНО (ПРЕДМЕТИ КОИ СЕ ОПФАТЕНИ И ПРЕДМЕТИ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Р.бр.* | *Суд* | *Нерешени* | *новопримени* | *погрешно заведени* | *вкупно во работа* | *Решени предмети* | *нерешени предмети* | *не/совладан прилив* |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 ((3+4)-5) | 7 | 8(6-7) | 9((7-4)+5) |
| 1. | АС Битола | 1.037 | 9.137 | 2 | 10.172 | 9.448 | 724 | 313 |
| 2. | АС Гостивар | 884 | 6.562 | | 7.446 | 6.914 | 532 | 352 |
| 3. | АС Скопје | 3.937 | 18.672 | 23 | 22.586 | 18.957 | 3.629 | 308 |
| 4. | АС Штип | 143 | 6.025 | 1 | 6.167 | 6.054 | 113 | 30 |
| | Вкупно предмети апелациони судови | 6.001 | 40.396 | 26 | 46.371 | 41.373 | 4.998 | 1.003 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 56.983 | 78.289 | 1 | 135.271 | 86.081 | 49.190 | 7.793 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 40.272 | 34.474 | 108 | 74.638 | 38.159 | 36.479 | 3.793 |
| 3. | ОС Велес | 3.150 | 14.467 | 9 | 17.608 | 14.712 | 2.896 | 254 |
| 4. | ОС Гевгелија | 747 | 9.226 | 2 | 9.971 | 9.342 | 629 | 118 |
| 5. | ОС Кавадарци | 1.876 | 8.570 | 2 | 10.444 | 8.764 | 1.680 | 196 |
| 6. | ОС Кратово | 177 | 1.855 | 1 | 2.031 | 1.862 | 169 | 8 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 665 | 4.630 | 1 | 5.294 | 4.673 | 621 | 44 |
| 8. | ОС Куманово | 12.974 | 33.241 | 40 | 46.175 | 34.260 | 11.915 | 1.059 |
| 9. | ОС Неготино | 2.255 | 7.126 | 7 | 9.374 | 7.364 | 2.010 | 245 |
| 10. | ОС Гостивар | 10.944 | 34.386 | 15 | 45.315 | 35.554 | 9.761 | 1.183 |
| 11. | ОС Дебар | 717 | 2.261 | 11 | 2.967 | 2.471 | 496 | 221 |
| 12. | ОС Кичево | 1.185 | 13.594 | 6 | 14.773 | 13.610 | 1.163 | 22 |
| 13. | ОС Тетово | 7.060 | 19.586 | 7 | 26.639 | 20.355 | 6.284 | 776 |
| 14. | ОС Битола | 6.799 | 24.050 | 29 | 30.820 | 23.950 | 6.870 | -71 |
| 15. | ОС Крушево | 374 | 1.942 | | 2.316 | 2.001 | 315 | 59 |
| 16. | ОС Охрид | 5.842 | 21.843 | 4 | 27.681 | 19.899 | 7.782 | -1.940 |
| 17. | ОС Прилеп | 6.362 | 21.737 | 4 | 28.095 | 21.340 | 6.755 | -393 |
| 18. | ОС Ресен | 379 | 2.933 | 9 | 3.303 | 2.947 | 356 | 23 |
| 19. | ОС Струга | 4857 | 12.419 | 26 | 17.250 | 14.290 | 2.960 | 1.897 |
| 20. | ОС Берово | 354 | 3.755 | 1 | 4.108 | 3.874 | 234 | 120 |
| 21. | ОС Виница | 446 | 4.623 | | 5.069 | 4.730 | 339 | 107 |
| 22. | ОС Делчево | 765 | 5.011 | 1 | 5.775 | 5.125 | 650 | 115 |
| 23. | ОС Кочани | 1.761 | 12.879 | 3 | 14.637 | 13.097 | 1.540 | 221 |
| 24. | ОС Радовиш | 506 | 8.354 | | 8.860 | 8.499 | 361 | 145 |
| 25. | ОС Св. Николе | 817 | 5.161 | 6 | 5.972 | 5.223 | 749 | 68 |
| 26. | ОС Струмица | 4.436 | 23.091 | 16 | 27.511 | 23.264 | 4.247 | 189 |
| 27. | ОС Штип | 2.603 | 14.645 | 6 | 17.242 | 14.252 | 2.990 | -387 |
| | Вкупно предмети основни судови | 175.306 | 424.148 | 315 | 599.139 | 439.698 | 159.441 | 15.865 |
| | суд | Нерешени | новопримени | | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1. | Виш Управен суд | 41 | 2.687 | 1 | 2.727 | 2.640 | 87 | -46 |
| 2. | Управен суд на РМ | 14.228 | 12.846 | 69 | 27.005 | 14.544 | 12.461 | 1.767 |
| | ***Вкупно:*** | ***195.576*** | ***480.077*** | ***411*** | ***675.242*** | ***498.255*** | ***176.987*** | ***18.589*** |

| ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РМ КОИ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНАТА НОРМА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Р.бр.* | *Суд* | *Нерешени* | *новоприм ени* | *погрешно заведени* | *вкупно во работа* | *Решени предмети* | *нерешени предмети* | *не/совладан прилив* |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 ((3+4)-5) | 7 | 8(6-7) | 9((7-4)+5) |
| 1. | АС Битола | 1.036 | 8.049 | 2 | 9.083 | 8.360 | 723 | 313 |
| 2. | АС Гостивар | 884 | 6.359 | 0 | 7.243 | 6.711 | 532 | 352 |
| 3. | АС Скопје | 3.937 | 16.135 | 23 | 20.049 | 16.423 | 3.626 | 311 |
| 4. | АС Штип | 143 | 4.692 | 1 | 4.834 | 4.725 | 109 | 34 |
| | Вкупно предмети апелациони | 6.000 | 35.235 | 26 | 41.209 | 36.219 | 4.990 | 1.010 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 56.806 | 72.325 | 1 | 129.130 | 80.129 | 49.001 | 7.805 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 17.630 | 17.904 | 87 | 35.447 | 20.781 | 14.666 | 2.964 |
| 3. | ОС Велес | 2.824 | 8.677 | 7 | 11.494 | 9.049 | 2.445 | 379 |
| 4. | ОС Гевгелија | 551 | 5.774 | 2 | 6.323 | 5.897 | 426 | 125 |
| 5. | ОС Кавадарци | 1.258 | 6.448 | 2 | 7.704 | 6.710 | 994 | 264 |
| 6. | ОС Кратово | 148 | 965 | 1 | 1.112 | 964 | 148 | 0 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 312 | 3.257 | 1 | 3.568 | 3.317 | 251 | 61 |
| 8. | ОС Куманово | 11.399 | 15.141 | 28 | 26.512 | 17.051 | 9.461 | 1.938 |
| 9. | ОС Неготино | 1.944 | 5.207 | 6 | 7.145 | 5.461 | 1.684 | 260 |
| 10. | ОС Гостивар | 10.198 | 17.673 | 15 | 27.856 | 19.411 | 8.445 | 1.753 |
| 11. | ОС Дебар | 419 | 1.580 | 6 | 1.993 | 1.636 | 357 | 62 |
| 12. | ОС Кичево | 940 | 8.760 | 2 | 9.698 | 8.967 | 731 | 209 |
| 13. | ОС Тетово | 6.100 | 14.370 | 5 | 20.465 | 15.618 | 4.847 | 1.253 |
| 14. | ОС Битола | 4.343 | 16.362 | 26 | 20.679 | 16.891 | 3.788 | 555 |
| 15. | ОС Крушево | 268 | 1.014 | | 1.282 | 1.118 | 164 | 104 |
| 16. | ОС Охрид | 5.775 | 18.013 | 4 | 23.784 | 16.179 | 7.605 | -1.830 |
| 17. | ОС Прилеп | 5.049 | 14.945 | 1 | 19.993 | 15.255 | 4.738 | 311 |
| 18. | ОС Ресен | 350 | 1.383 | 9 | 1.724 | 1.426 | 298 | 52 |
| 19. | ОС Струга | 4497 | 10.294 | 23 | 14.768 | 12.421 | 2.347 | 2.150 |
| 20. | ОС Берово | 235 | 1.662 | | 1.897 | 1.731 | 166 | 69 |
| 21. | ОС Виница | 294 | 2.219 | | 2.513 | 2.240 | 273 | 21 |
| 22. | ОС Делчево | 510 | 2.577 | 1 | 3.086 | 2.717 | 369 | 141 |
| 23. | ОС Кочани | 1.365 | 8.617 | 1 | 9.981 | 8.750 | 1.231 | 134 |
| 24. | ОС Радовиш | 288 | 4.556 | | 4.844 | 4.564 | 280 | 8 |
| 25. | ОС Св. Николе | 570 | 3.548 | 6 | 4.112 | 3.629 | 483 | 87 |
| 26. | ОС Струмица | 4.194 | 15.375 | 10 | 19.559 | 16.257 | 3.302 | 892 |
| 27. | ОС Штип | 2.185 | 10.948 | 6 | 13.127 | 10.568 | 2.559 | -374 |
| | Вкупно предмети основни судови | 140.452 | 289.594 | 250 | 429.796 | 308.737 | 121.059 | 19.393 |
| | суд | Нерешени | новопримени | | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1. | Виш Управен суд | 41 | 1.961 | 1 | 2.001 | 1.915 | 86 | -45 |
| 2. | Управен суд на РМ | 14.228 | 12.846 | 69 | 27.005 | 14.544 | 12.461 | 1.767 |
| | ***Вкупно:*** | ***160.721*** | ***339.636*** | ***346*** | ***500.011*** | ***361.415*** | ***138.596*** | ***22.125*** |

| ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РМ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНАТА НОРМА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Р.бр.* | *Суд* | *Нерешени* | *новопримени* | *погрешно заведени* | *вкупно во работа* | *Решени предмети* | *нерешени предмети* | *не/совладан прилив* |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 ((3+4)-5) | 7 | 8(6-7) | 9((7-4)+5) |
| 1. | АС Битола | 1 | 1.088 | | 1.089 | 1.088 | 1 | 0 |
| 2. | АС Гостивар | 0 | 203 | | 203 | 203 | 0 | 0 |
| 3. | АС Скопје | 0 | 2.537 | | 2.537 | 2.534 | 3 | -3 |
| 4. | АС Штип | 0 | 1.333 | | 1.333 | 1.329 | 4 | -4 |
| | Вкупно предмети апелациони | 1 | 5.161 | 0 | 5.162 | 5.154 | 8 | -7 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 177 | 5.964 | | 6.141 | 5.952 | 189 | -12 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 22.642 | 16.570 | 21 | 39.191 | 17.378 | 21.813 | 829 |
| 3. | ОС Велес | 326 | 5.790 | 2 | 6.114 | 5.663 | 451 | -125 |
| 4. | ОС Гевгелија | 196 | 3.452 | | 3.648 | 3.445 | 203 | -7 |
| 5. | ОС Кавадарци | 618 | 2.122 | | 2.740 | 2.054 | 686 | -68 |
| 6. | ОС Кратово | 29 | 890 | | 919 | 898 | 21 | 8 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 353 | 1.355 | | 1.708 | 1.356 | 352 | 1 |
| 8. | ОС Куманово | 1.575 | 18.100 | 12 | 19.663 | 17.209 | 2.454 | -879 |
| 9. | ОС Неготино | 311 | 1.919 | 1 | 2.229 | 1.903 | 326 | -15 |
| 10. | ОС Гостивар | 746 | 16.713 | | 17.459 | 16.143 | 1.316 | -570 |
| 11. | ОС Дебар | 298 | 681 | 5 | 974 | 835 | 139 | 159 |
| 12. | ОС Кичево | 245 | 4.834 | 4 | 5.075 | 4.643 | 432 | -187 |
| 13. | ОС Тетово | 960 | 5.216 | 2 | 6.174 | 4.737 | 1.437 | -477 |
| 14. | ОС Битола | 2.456 | 7.688 | 3 | 10.141 | 7.059 | 3.082 | -626 |
| 15. | ОС Крушево | 106 | 928 | | 1.034 | 883 | 151 | -45 |
| 16. | ОС Охрид | 67 | 3.830 | | 3.897 | 3.720 | 177 | -110 |
| 17. | ОС Прилеп | 1.313 | 6.792 | 3 | 8.102 | 6.085 | 2.017 | -704 |
| 18. | ОС Ресен | 29 | 1.550 | | 1.579 | 1.521 | 58 | -29 |
| 19. | ОС Струга | 360 | 2.125 | 3 | 2.482 | 1.869 | 613 | -253 |
| 20. | ОС Берово | 119 | 2.093 | 1 | 2.211 | 2.143 | 68 | 51 |
| 21. | ОС Виница | 152 | 2.404 | | 2.556 | 2.490 | 66 | 86 |
| 22. | ОС Делчево | 255 | 2.434 | | 2.689 | 2.408 | 281 | -26 |
| 23. | ОС Кочани | 396 | 4.262 | 2 | 4.656 | 4.347 | 309 | 87 |
| 24. | ОС Радовиш | 218 | 3.798 | | 4.016 | 3.935 | 81 | 137 |
| 25. | ОС Св. Николе | 247 | 1.613 | | 1.860 | 1.594 | 266 | -19 |
| 26. | ОС Струмица | 242 | 7.716 | 6 | 7.952 | 7.007 | 945 | -703 |
| 27. | ОС Штип | 418 | 3.697 | | 4.115 | 3.684 | 431 | -13 |
| | Вкупно предмети основни судови | 34.854 | 134.536 | 65 | 169.325 | 130.961 | 38.364 | -3.510 |
| | суд | Нерешени | новопримени | погрешно заведени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1. | Виш Управен суд | 41 | 2.687 | 1 | 2.727 | 2.640 | 87 | -46 |
| 2. | Управен суд на РМ | | | | 0 | | 0 | 0 |
| | ***Вкупно:*** | ***34.896*** | ***142.384*** | ***66*** | ***177.214*** | ***138.755*** | ***38.459*** | ***-3.563*** |

**3. Персонален состав**

Податоци за кадровската состојба со број на судии, стручни, советници, и судска администрација, значајни од аспект на потребниот број на човечките ресурси, односно потребен соодветен кадар кои придонесуваат за поефикасно и поквалитетно судство.

Компаративно во тригодишен период судската функција ја извршувале:

во 2011 година - 678 судии,
во 2012 година - 670 судии,
во 2013 година – 656 судии

Бројот на вкупно вработените стручни и администрација се движи:

-2011 година 3.064
-2012 година 2.289
-2013 година 2.324

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

### ВИШ УПРАВЕН СУД

Во текот на извештајната година од сите видови **предмети опфатени со ориентациона норма, предмети кои не се опфатени со ориентациона норма и предмети од судска управа Вишиот управен суд** имал **вкупно 2727 предмети** од кои од претходната 2012 година, **останал незавршен 41 предмет**, во текот на 2013 година **биле примени во работа 2687 нови предмети**, **решени биле 2640**, а вкупниот број на **нерешени предмети е 87**.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** од претходната 2012 година, останал **незавршен 41 предмет**, во текот на 2013 година биле примени во работа **1961 нов предмет**, со што во текот на 2013 година, **во работа биле вкупно 2001**. Во текот на извештајната година, **решени биле 1915 предмети**, а останале **нерешени 86**. Во текот на 2013 година, Вишиот управен суд **не го совладал приливот, а заостатокот го зголемил за 45 предмети**.

Во извештајниот период **просекот на решени предмети месечно изнесува 184,3 предмети или 18,4 предмети по судија**.

Кај **предметите кои не се опфатени со ориентациона норма на ниво на Суд и предмети од судска управа** од вкупниот број на предмети во работа во 2013 година 726 сите се новопримени предмети, од кои биле решени 725, со што на крајот на 2013 година имало само 1 нерешен предмет.

Работата по предметите во овој суд се одвива во три специјализирани судски оддели и тоа: **Оддел за имотно – правна област и други права,** каде месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 76,6 или по судија 15,3 предмети; **Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права,** каде месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 44,6 или по судија 14,8 предмети и **Оддел за финансиски, царински, даночни и други права,** каде месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 63,1 или по судија 12,6 предмети.

Во Вишиот управен суд во 2013 година е воведен Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети – АКМИС.

Просторните услови за работа и опременоста на судот со компјутери и друга техничка опрема задоволува.

Како и претходната и оваа година се потенцира потребата од навремено и трајно сместување на овој суд и Управниот суд во иста зграда, потребата од континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот, следење на месечниот прилив на предмети кој се зголемува, како би можело навремено да се интервенира со распоредувањето и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба. Со цел навремено доставување на административно вратените предмети, како и списите по предметите од органите на управата, потребно е обезбедување финансиска подршка за реализација на посебен проект во врска со интерконекцијата на органите на управата со Управниот и Вишиот управен суд, преку која би се обезбедило електронско доставување на предметите со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата.

Вишиот управен суд нема реален заостаток на предмети. Од прикажаниот заостаток на 86 предмети, 60 се административно вратени, а останатите 26 предмети се заведени во судот после 20.12.2013 година, со објективна неможност да се прикажат во совладан прилив.

Според бројот на нерешени предмети согласно критериумите на Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд е **апсолутно ефикасен суд**.

**УПРАВЕН СУД**

Во текот на извештајната година во Управниот суд од сите видови на предмети **опфатени со ориентационата норма во работа биле 27005 од кои 14228 биле незавршени предмети од претходната 2012 година,** во текот на извештајната година биле **примени во работа 12846** нови предмети, **вкупно биле решени 14544**, а останале **нерешени 12461 предмети.** Во текот на 2013 година, Управниот суд **го има совладано приливот, а заостатокот го намалил за 1767 предмети**.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 1.385, 1, а по судија 46,2 предмети.

Во извештајниот период по жалба биле решени 1.616 предмети од кои потврдени 1.069 или 66,1 %, преиначени 313 или 19,4 %, укинати 102 или 6,3 % и отфрлени 132 или 8,2 %.

Работата по предметите во овој суд се одвива во шест специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно – правна област и други права** каде постапува еден совет од тројца судии, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 181, а по судија 60,4 предмети. Во овој оддел од 177 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 134 или 75,7%, преиначени 22 или 12,4 %, укинати 4 или 2,2% и отфрлени 17 или 9,6 %.

**Оддел за денационализација и други права** во кој оддел функционираат два совети, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 258, а по судија 43 предмети. Во овој оддел од 297 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 165 или 55,5 %, преиначени 91 или 30,6 %, укинати 12 или 4 % и отфрлени 18 или 6 %.

**Оддел за урбанизам, градежништво и други права** во кој оддел функционира еден совет, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 169, а по судија 56 предмети. Во овој оддел од 235 предмети, вратени по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 142 или 60,4 %, преиначени 46 или 19,6 %, укинати 12 или 5,1 % и отфрлени 35 или 14,9%.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права** во кој оддел функционираат два совети, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 253, а по судија 50,7 предмети. Во овој оддел од 241 предмети, вратени од по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 168 или 69,7 %, преиначени 38 или 15,7 %, укинати 19 или 7,9 % и отфрлени 16 или 6,6 %.

**Оддел за јавни набавки и други права** во кој оддел функционираат два совети, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 276,5, а по судија 39,4 предмети. Во овој оддел од 294 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 227 или 77,2 %, преиначени 29 или 9,8%, укинати 14 или 4,7 % и отфрлени 24 или 8,2 %.

**Оддел за царини и други права** во кој оддел функционираат два совети, просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 246,5, а по судија 49,3 предмети. Во овој оддел од 162 предмети, вратени од по жалба од Вишиот управен суд се потврдени 95 или 58,6 %, преиначени 56 или 34,6 %, укинати 9 или 5,5% и отфрлени 2 или 1,2 %.

На почетокот од извештајниот период имало 251 стар предмет. Во текот на годината статус на стари предмети добиле 1.664 предмети или вкупно 1.915 од кои се решени 1.405, а на крајот од 2013 година останале нерешени 510 предмети.

Потребно е да се реши проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд, зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот, постојано да се следи месечниот прилив на предмети како би можело навремено да се

интервенира со распоредување и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба. Да се посвети внимание на решавање на старите предмети, континуирана едукација на судиите и вработените во судот. Со цел навремено доставување на административно вратените предмети, како и списите по предметите од органите на управата, потребно е обезбедување финансиска поддршка за реализација на посебен проект во врска со интерконекцијата на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд преку кој би се обезбедило електронско доставување на предметите со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата.

Судиите вложиле максимални напори за совладување на приливот на предмети со приближна месечна норма од 46 предмети. Сепак, вкупниот број на нерешени предмети на крајот на 2013 година е 12.461 предмети што претставува 9 месечен заостаток поради што Управниот суд според критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е **релативно ефикасен суд.**

## АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

### АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

Во извештајната 2013 година во Апелациониот суд Скопје **вкупно** предмети опфатени со ориентациона норма и предмети кои не се опфатени со ориентациона норма и предмети од судска управа **биле 22586** од кои **незавршени од претходната 2012 година биле 3937** предмети, **новопримени 18672**, од кои **вкупно биле решени 18957** предмети. Останале **нерешени вкупно 3629 предмети**. Во текот на 2013 година, Апелационен суд Скопје, **го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 308 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** од претходната 2012 година, во Апелационен суд Скопје останале незавршени 3937 предмети, во текот на извештајната година биле примени во работа 16135 нови предмети, со што во работа биле вкупно 20049. Од нив вкупно се решени 16423 предмети, а останале 3626 нерешени предмети. Во текот на 2013 година, Апелационен суд Скопје, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 311 предмети.

**Од вкупниот број на новопримени предмети кои не се опфатени со ориентациона норма на ниво на Суд и предмети од судска управа во текот на 2013 година кој бил 2537,** со оглед да немало незавршени предмети од 2012 година, **решени биле 2534 предмети,** со што **вкупниот број на нерешени предмети до крајот на 2013 година е 3.**

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето врз основа на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна

на непосредно повисокиот суд. Имено, по повод изјавени правни средства предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија претставувале 197 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје што претставува 3,30% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 148 одлуки се потврдени што претставува 75,13% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,48% од вкупно решените предмети, 22 одлуки се укинати што претставува 11,17% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,37% од вкупно решените предмети и 2 одлуки се преиначени што претставува 1,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,03% од вкупно решените предмети. Изјавениот вонреден правен лек кај 24 одлуки е отфрлен и 1 одлука е решен на друг начин.

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето гледано низ призма на преоценка на одлуките по изјавените вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд, со соодветно намалување на учеството на преиначени судски одлуки. Имено, предмет на преоценка од страна на Врховиот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 967 судски одлуки, што претставува 9,22% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година од кои 590 одлуки се потврдени што претставува 61,01% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек односно 5,62% од вкупно решените предмети, 118 одлуки се укинати што претставува 12,20% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек односно 1,12% од вкупно решени предмети и 86 одлуки се преиначени што претставува 8,89% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,82% од вкупно решените предмети. Изјавениот вонреден правен лек кај 172 одлуки е отфрлен, а решен на друг начин е 1 одлука.

Заради поефикасно и поажурно работење на Апелациониот суд Скопје, а особено за подобрување на состојба со стари предмети, неопходно е пополнување на бројот на носителите на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје од 05.07.2012 година, според која, функцијата во овој суд треба да ја извршуваат Претседател и 52 судии. Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година како и во претходната судот работи со малку над 50% стручните судски службеници предвидени со Систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и потполнувањето на испразнетите работни места на раководни судски службеници и судски референти – дактилографи.

Судиите на Апелациониот суд Скопје во 2013 година решавале предмети над ориентационата норма во просек по 46 предмети по судија, со што придонеле да се зголеми бројот на завршени предмети, односно да се намали заостаокот на нерешени предмети.

Поаѓајќи од вкупниот број на решени предмети во извештајната година, опфатени со ориентациона норма, произлегува дека заостатокот од 3626 незавршени предмети може да се реши во период до 2,3 месеци, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостатокот, судот се смета за **апсолутно ефикасен суд.**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**

Во извештајната година во Апелациониот суд Гостивар **вкупно во работа биле 7446 предмети опфатени и неопфатени со ориентациона норма** од кои **884 биле незавршени предмети од 2012 година, а 6562 новопримени предмети во текот на 2013 година. Вкупно биле решени 6914 предмети,** со што бројот на **нерешени предмети на крајот на 2013 година изнесувал 532 предмети.** Во текот на 2013 година, Апелационен суд Гостивар, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 352 предмети.

**Бројот на предмети во работа** во судот **опфатени со ориентационата норма** во текот на извештајната година **изнесувал 7243** од кои **884** биле предмети кои останале **незавршени од претходната 2012 година, а 6359 новопримени во текот на 2013 година.** Во 2013 година, **вкупно биле решени 6711 предмети,** со што бројот на **нерешени предмети изнесувал 532.** Во текот на 2013 година, Апелационен суд Гостивар, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 352 предмети.

Во текот на извештајниот период од доставените 294 вонредни правни лекови до Врховниот суд на Република Македонија, 91 предмет е од кривичниот оддел, додека 203 предмети се од граѓанскиот оддел, бројот на вратени одлуки изнесува 220 предмети од кои кривични предмети се 55, додека граѓански предмети се 165 предмети.

Збирот по однос на квалитетот на работа на Апелациониот суд Гостивар од вкупниот број вратени 220 предмети, 126 одлуки се потврдени или 57,3%, 21 одлука се укинати или 9,5%, 5 одлуки се преиначени или 2,3%, 67 вонредни правни лекови се отфрлени или 30,5% и 1 одлука е решена на друг начин или 0,4%.

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2013 година, постапувале два кривични совети кои решавале предмети од уписникот „КЖ“ и „ПРКЖ“, „КЖМ“, совет согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапувал исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, како и кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од петнаесет години или доживотен затвор.

Кривични предмети „КЖ“ вратени се вкупно 44 предмети, од кои потврдени се 30 предмети или 68,2%, укинати 5 предмети или 11,3% и вонредните правни лекови се отфрлени во 9 предмети или 20,5%. Кривични предмети „КСЖ“ од 8 вратени предмети потврдени се 6 предмети или 75%, додека во 2 предмети жалбите се отфрлени или 25%. Предмети од уписникот „ПРКЖ“ вратени се 3 предмети од кои укинати се 1 предмет или 33,3% и вонредните правни лекови се отфрлени за 2 предмети или 66,6%.

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2013 година, работеле **два** совета кои постапувале по предметите заведени во уписникот „ГЖ“, и второстепени граѓански предмети и **трет** совет, кој постапувал по предмети за трговски и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови.

Од граѓанската материја „ГЖ“ второстепени граѓански предмети вратени се 104 предмети од кои потврдени се 59 одлуки или 56,7%, преиначена 1 одлука или 1%, укинати се 9 одлуки или 8,6% и вонредните правни лекови се отфрлени за 35 предмети или 33,7%. По предметите заведени под „РОЖ“, второстепени предмети во спорови од работни односи вратени се 44 предмети од кои потврдени се 20 одлуки или 45,4%, преиначени се 4 одлуки или 9%, укинати се 3 одлуки или 6,9%, а 17 вонредни правни лекови по овие предмети се отфрлени или 38,7%. Во предметите заведени под „ТСЖ“, второстепени предмети во трговски спорови од вкупно 17 предмети, потврдени се 11 одлуки или 64,6%, 3 одлуки се укинати или 17,7%, 2 вонредни правни лекови од овие предмети се отфрлени или 11,8% и 1 одлука е решена на друг начин или 5,9%.

Во извештајниот период, судот имал потешкотии во работењето, врзано за непотполнетоста на потребниот број на извршители во судската служба, особено во админстративно стручните работи, па така и во овие заклучни согледувања, мора да се укаже дека **за подобро работење на судот е потребно, да се пополни бројот на судските службеници, според систематизацијата и проектираните приоритети од претседателот на судот. Воедно, потребно е во континуитет да се продолжат активностите за правилна имплементација на АКМИС-от и судските статистики, воведувањето на тонското снимање, електронската достава и останатите новели од процесните закони и Судскиот деловник, на ниво на апелационо подрачје.**

Особено, квалитетот преставува императив во работата, ако се имаат во вид резултатите и податоците од работењето на Основните судови од Апелационото подрачје. Така, судот ќе мора во континуитет да ја следи состојбата, да укажува и да им помага на пониските судови во делот на судската пракса и да врши воедначување  во примена на законите.

Според бројот на судии и заостатокот од предмети на крајот на извештајниот период кој може да се реши за време до 0,8 месеци, овој суд го прави **апсолутно ефикасен.**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

Во текот на извештајната година, Апелациониот суд Битола имал во работа **вкупно 10172 предмети опфатени и неопфатени со ориентационата норма** од кои **1037 незавршени предмети од претходната година и новопримени 9137 предмети.** Во текот на 2013 година**, решени биле 9448, а останале 724 предмети.** Во текот на 2013 година, Апелационен суд Битола го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 313 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **1036 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 8049 предмети,** со што **вкупно во работа биле 9083 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **8360,** со што останале **723 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Апелационен суд Битола, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 313 предмети

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на РМ, во текот на 2013 година, потврдени се вкупно 270 предмети или 79,88%, укинати се 47 предмети или 13,90%, преиначени се 21 предмет или 6,21%, отфрлени се 61 предмет и на друг начин решени се 6 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1089 предмети** од кои **1 предмет** бил од **претходната 2012 година. Решени биле вкупно 1088 предмети,** со што останал **1 нерешен предмет на крајот на 2013 година.** Во 2013 година на крајот од годината останале само **7** предмети постари од 6 месеци сметано од денот на приемот во судот.

Во судот, состојбата по сите видови предмети е следна: до 1 месец решени се 4.123 предмети или 49,17%, од 1 до 3 месеци решени се 2.656 предмети или 31,65 %, од 3 до 6 месеци решени се 1.530 предмети или 18,24%, над 6 месеци решени се 77 предмети или 0,91%.

Во пресметување на ориентационата норма земени се само предметите кои се опфатени со ориентационата норма:

1.Во кривичниот оддел по **34,19** предмети месечно

2.Во граѓанскиот оддел по **28,22** предмети месечно

3.Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно месечно сметано за 10,5 месеци во просек решавале по **30,38** предмети.

Се предлага во судот во 2014 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно новата систематизација, учество на ВЈО и ОЈО во трошоците за одржување на зградата на судот или нивна дислокација, дополнување со компјутерска опрема и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки. Воедно, се предлага и интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Македонија и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2014 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените предмети кои останале на крајот на 2013 година, бројот на судиите кои постапувале по предмети, месечно решените предмети во просек по судија, укажува дека судот може да ги реши за еден месец и истиот може да се третира како **апсолутно ефикасен суд.**

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Во текот на извештајната година, Апелациониот суд Штип имал во работа **6167 предмети опфатени и неопфатени со ориентациона норма од кои 143 незавршени предмети од претходната година и новопримени 6025 предмети.** Во текот на 2013 година**, решени биле 6057, а останале 113 предмети.** Во текот на 2013 година, Апелационен суд Штип го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 30 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **143 предмети од претходната 2012 година, новопримени 4692 предмети,** со што **вкупно во работа биле 4834 предмети.** Во текот на извештајната година **решени** биле **4725,** со што останале **109 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Апелационен суд Штип, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 34 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1333 предмети** од кои **во текот на годината решени биле 1329,** со што останале **4 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

По однос на квалитетот при одлучување на ниво на кривичен и граѓански оддел состојбата е следна: во кривичниот оддел по вонреден правен лек во текот на 2013 година биле вратени 28 предмети од кои потврдени биле 23 предмети или 82%, преиначени биле 2 предмети или 7% и укинати биле 3 предмети или 11%. Во граѓанскиот оддел по вонреден правен лек во текот на 2013 година биле вратени 150 предмети од кои потврдени биле 90 предмети или 60%, ревизијата била отфрлена во 31 предмети или 21%, преиначени биле 5 предмети или 3%

и укинати биле 24 предмети или 16%. Потребно е да се зголеми квалитетот на ниво на кривичен и граѓански оддел и да се усогласи праксата на ниво на суд.

Во текот на 2013 година, Апелациониот суд во Штип до месец септември имал 61 вработен, од кои 18 судии заедно со претседателот на судот и 43 судски службеници, а има потреба од приоритетни вработувања.

Информатичката технологија е стара и амортизирана и истата не ги задоволува потребите на судот и затоа треба да се замени со нова.

Постои просторен проблем со сместувањето на судските советници, соработници и дактилографи, бидејќи тие се сместени по 6-7 лица во иста канцеларија.

Долгогодишен е проблемот со обезбедување на средства за греење кои се обезбедуваат од буџетот на судот.

Апелациониот суд во Штип во 2013 година е апсолутно **ефикасен суд**, ако се има во предвид дека заостатокот на нерешени 109 предмети, може да го реши за помалку од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Скопје I Скопје имал **во работа 135271 предмети опфатени и неопфатени со ориентациона норма од кои 56983 незавршени предмети од претходната година и новопримени 78289 предмети.** Во текот на 2013 година, **решени биле 86081, а останале нерешени 49190 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Скопје I Скопје го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 7793 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **56806 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 72325 предмети,** со што **вкупно во работа биле 129130 предмети. Решени предмети** во текот на извештајната година биле **80129,** со што останале **49001 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Скопје I Скопје, го совладал приливот од овој вид предмети, а заостатокот го намалил за 7805 предмети

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **5964 предмети** од кои 177 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 5964. **Во текот на годината решени биле 5952,** со што останале **189 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на оддел за организиран криминал и корупција:**

Од вкупниот број на решени предмети во текот на 2013 година – 98 предмети, 94 предмети се решени со пресуда, а 4 предмети се решени на друг начин. Од извештајниот период од вкупниот број на решени предмети, обжалени се 56 предмети или 57,14% од кои 48 предмети се потврдени или 85,71%, 4 предмети се укинати или 07,14%, а преиначени се 4 предмети или 7,14%.

Во кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција од вкупниот број на завршени предмети, обжалени се вкупно 154 предмети или 13,11%, од кои потврдени се 147 предмети или 95,45%, укинати се 2 предмети или 1,3%, а преправени се 5 предмети или 3,25%.

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел:**

Од вкупно решени предмети во текот на 2013 година – 4.399 предмети, предмет на преоценка од страна на Апелациониот суд Скопје по повод изјавени правни лекови биле 916 судски одлуки, што претставува 20,82% од вкупниот број на донесени одлуки во извештајната година, од кои 554 одлуки се потврдени, односно 60,48%, од вкупниот број на предмети против кои е изјавен правен лек, 233 одлуки се укинати, односно 25,44%, 10 одлуки се делумно укинати или 1,09%, 119 одлуки се преиначени или 12,99%, со напомена дека одлуките се преиначени само во поглед на висината на изречените кривични санкции од ист вид, кои кривични санкции се изречени во рамките на предвидената казна согласно Кривичниот законик. Во контекст на наведеното, одлуките се со квалитет на потврдени во процент од 60,48%.

Квалитетот на решени предмети во кривичниот совет е со висок процент на потврдени одлуки, односно од вкупниот број на решени 3.417 предмети, односно обжалени одлуки – 257 или 7,52% на кривичниот совет 88,72% или 228 предмети се потврдени, 6,61% или 17 предмети се укинати и преправени се 4,28% или 11 предмети и делумно укинат 1 предмет или 0,39%.

**Квалитет при одлучување на ниво на прекршочен оддел:**

Од вкупниот број на решени предмети 26.717, обжалени се 1.479 предмети или 5,5% од кои: 766 предмети се потврдени или 51,8%, укинати 540 предмети или 36,5% и преиначени се 173 предмети или 11,7%. Преиначените одлуки во најголем број (139 или 80,3%) се однесуваат на одлуки по кои поради кратките рокови на застареност во текот на жалбената постапка, настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка. Во останатите 34 (19,7%) преиначени предмети, глобата во 3 предмети е заменета со опомена, во 7 предмети глобата е намалена, а во 24 предмети глобата е зголемена.

Основниот суд Скопје I Скопје извештајната 2013 година ја завршил со вкупно 326 вработени лица, од кои 68 лица ја извршувале судиската функција, а 258 лица извршувале стручни и административно-технички работи. Од вкупниот број на 68 судии кои ја извршувале функцијата на крајот на 2013 година, еден судија кој бил член на Судскиот совет на РМ и на кого му мирувала судиската функција, на 26.12.2013 година се вратил во судот, а на двајца судии им мирува судиската функција, бидејќи еден од судиите е директор на Академијата за судии и јавни обвинители, а еден судија е избран за судија во Уставниот суд на Република Македонија. Во текот на 2013 година судиската функција во овој суд престанала на 5 судии, од кои двајца се избрани за судии во Апелациониот суд Скопје, а 3 судии биле разрешени поради исполнување услови за старосна пензија.

Овој суд има потреба од вработување на соодветен кадар од стручни судски службеници, а по однос на просторните услови и понатаму нема соодветни услови за работа, во однос на недоволен број на судници, посебно за судници за организиран криминал.

Во конкретниот случај со доекипираност на судот со судии, администрација, со изградба на новата судска зграда со која Основниот суд Скопје I Скопје би добил современи судници, судски кабинети и доволен број на простории за судската администрација и современа информатичка технологија, се очекува дека во иднина судот ќе биде уште поефикасен, поквалитетен и ќе се постапува во разумен рок, притоа почитувајќи го и начелото на владеење на правото.

Имајќи го во предвид дека судот имал 49001 нерешени предмети за кои се потребни 6,4 месеци за нивно решавање, произлегува дека Основниот суд Скопје I Скопје е **ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Скопје II Скопје имал во работа **вкупно 74638 предмети во кои влегуваат предметите опфатени и предметите кои не се опфатени со ориентациона норма. Од претходната година останале 40272 незавршени предмети, а новопримени се 34474 предмети.** Во текот на 2013 година **биле решени 38159, а останале нерешени 36479 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Скопје II Скопје го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 37933 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **17630 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 17904 предмети,** со што **вкупно во работа биле 35447 предмети.** Во текот на извештајната година биле **решени 20781,** со што останале **14666 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Основниот суд Скопје II Скопје, во текот на 2013 година, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 2964 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **39191 предмети** од кои 22642 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 16570. **Во текот на годината решени биле 17378,** со што останале **21813 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Обем на работа по видови предмети опфатени со ориентациона норма:**

**Граѓански Оддел Спорови од мала вредност (Мал-ВП; Мал-ТС)**

Нерешени предмети од претходната година 4.473, новопримени предмети 2.683, вкупно предмети во работа 7.156, вкупно решени предмети 5.460, останале нерешени предмети 1.696.

**Спорови од областа на сопственоста, облигации и наследувањето (П;П1;П3;П4)**

Нерешени предмети од претходната година 4.218, новопримени предмети 3.551, вкупно предмети во работа 7.769, вкупно решени предмети 4.157, останале нерешени предмети 3.612.

**Семејни спорови (П2)**

Нерешени предмети од претходната година 609, новопримени предмети 1.333, вкупно предмети во работа 1.942, вкупно решени предмети 1.327, останале нерешени предмети 615.

**Работни спорови (РО)**

Нерешени предмети од претходната година 1.059, новопримени предмети 1.219, вкупно предмети во работа 2.278, вкупно решени предмети 1.675, нерешени предмети 603.

**Трговски спорови (ТС)**

Нерешени предмети од претходната година 1.523, новопримени предмети 788, вкупно предмети во работа 2.311, вкупно решени предмети 1.239, нерешени предмети 1.072.

**Платни налози по приговор (ПЛ1-П; Л1-ТС)**

Останале нерешени од претходната година 4.614, новопримени предмети 7.251, вкупно предмети во работа 11.867, вкупно решени предмети 4.538, останале нерешени предмети 7.329.

**Оставински предмети решени од судот (О1)**

Нерешени предмети од претходната година 108, новопримени предмети 93, вкупно предмети во работа 201, вкупно решени предмети 80, нерешени предмети 121.

**Останати ВПП (ВПП; ПСО; ОДС; Р)**

Нерешени предмети од претходната година 108, новопримени предмети 257, вкупно предмети во работа 365, вкупно решени предмети 256, останале нерешени 109 предмети.

**Стечај (СТ; СТС)**

Останале нерешени 297 предмети, новопримени предмети 1.396, вкупно предмети во работа 1.693, вкупно решени предмети 1.430, останале нерешени предмети 263.

**Ликвидации (Л)**

Нерешени предмети од претходната година 11, новопримени 5, вкупно предмети во работа 16, вкупно решени 6, останале нерешени 10 предмети.

**Приговори (ППНИ)**

Останале нерешени предмети 105, новопримени 1.117, вкупно предмети во работа 1.222, вкупно решени 1.165, останале нерешени 57 предмети.

**Мерки за обезбедување (ВПП2-С; ВПП2-Г;СОП;ВПП2)**

Нерешени предмети од претходната година 91, новопримени 198, вкупно предмети во работа 289, решени предмети 230, останале нерешени 59.

**Повторување на постапката (ППОВ-П; ПППОВ-С; ППОВ; ППОВ-1; ПОВ-ТС; РО-ПОВ; РО-ПОВ1; ПЛ-ПОВ1; МВ-ПОВ; МВТС-ПОВ)**

Нерешени предмети од претходната година останале 205, новопримени предмети 170, вкупно предмети во работа 375, вкупно решени предмети 220, останале нерешени предмети 155.

Во извештајната година судот персонално целосно не бил екипиран, така да ограничените кадровски ресурси имаат неповолно влијание да судот поуспешно ги извршува своите функции и надлежности утврдени со Уставот и законите. Од предвидените вкупно 422 работни места, судот располага со вкупно 264 вработени. Судот нема соодветни услови на работа, се соочува со недостиг на простор, недостигаат 12-15 судници, а голем дел од судиите суделе во своите канцеларии. Судот се судирал и со материјални и финансиски проблеми, со што има заостаток на неподмирени обврски од 697.334,00 денари. голем проблем во реализација на потребни инвестиции на судот за која смисла е потребно и обезбедување на средства за инвестициони активности, за која цел е потребно обезбедување на средства, за нивна реализација.

Во постоечките кадровски и материјални услови, судот работел ангажирани и ефикасно, покажал квалитет во работењето и успеал да го совлада приливот за 2013 година.

Основниот суд Скопје II Скопје има заостаток од 14.666 предмети, кој заостаток може да биде решен за 7,4 месеци, па овој суд спаѓа во категоријата на **релативно ефикасни судови.**

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

Во текот на извештајната година, Основниот суд Велес имал во работа **вкупно 17608 предмети опфатени и неопфатени со норма од кои 3150 незавршени предмети од претходната година и новопримени 14467 предмети.** Во текот на 2013 година биле **решени 14712, а останале нерешени 2896 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Велес **го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 254 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **2824 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 8677 предмети,** со што **во работа биле 11494 предмети. Решени предмети** во текот на извештајната година биле **9049,** со што останале **2445 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Велес, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 379 предмети

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **6114 предмети** од кои 326 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 5790. **Во текот на годината решени биле 5663,** со што останале **451 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Од решените предмети, потврдени се 367 предмети или 8,8%, укинати се 179 предмети или 4,3% и преиначени се 115 предмети или 2,8%. Од решените предмети, потврдени се 702 предмети или 28,9%, укинати се 116 предмети или 4,8% и преиначени се 35 предмети или 1,4%.

Основниот суд Велес спаѓа во редот на Основните судови со проширена судска надлежност. Во текот на 2013 година, судот нема забелешки на просторните и техничките услови во кои судиите и останатиот персонал работат, но има недостаток на човечки ресурси со кои судот се соочувал во текот на годината. Судот на крајот од 2013 година работел со 62 вработени и 17 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот. Во текот на 2013 година судот се соочувал со проблеми поради недостатокот на финасиски средства поради што не можел да ги подмири своите обврски, и тоа за судиите поротници, вештаците и адвокатите поставени по службена должност.

Основниот суд Велес е **апсолутно ефикасен суд,** бидејќи заостатокот на предмети судиите можат да ги завршат во време од 2,8 месеци.

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

Во текот на извештајната година, Основниот суд Гевгелија имал во работа **9971 предмети опфатени и неопфатени со ориентациона норма од кои 747 незавршени предмети од претходната година и новопримени 9226 предмети.** Во текот на 2013 година **решени биле 9342, а останале нерешени 629 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Гевгелија го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 118 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **551 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 5774 предмети,** со што **вкупно во работа биле 6323 предмети. Решени предмети** во текот на извештајната година биле **5897,** со што останале **426 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Гевгелија, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 125 предмети

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **3648 предмети** од кои 196 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 3452. **Во текот на годината решени биле 3445,** со што останале **203 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Квалитетот на пресудување од бројот на обжалени предмети опфатени со ориентационата норма на ниво на суд е следен: обжалени се 618 или 13,12%, необжалени се вкупно 4.446 предмети или 85,94%, потврдени се 382 предмети или 8,11%, вкупно необжалени и потврдени се 4.467 предмети или 94,89%. Укинати се 126 предмети или 2,68%, преиначени се 106 предмети или 2,25% и делумно потврдени и укинати се 4 предмети или 0,08%.

Во однос на квалитетот на одлуките во граѓанскиот оддел, забележан е пад на процентот на потврдени одлуки, а има пораст на преиначените одлуки. Во кривичниот оддел исто така има пад на процентот на потврдени одлуки, но има и намалување на бројот на преиначените одлуки.

Во извештајната 2013 година вкупно во работа имало 102 стари предмети, од кои 46 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се 56 предмети, решени се 71 предмет или 69,61%, останале нерешени 31 предмет или 30,39%.

Во извештајната 2013 година судиската функција во Основниот суд Гевгелија сметајќи го и Претседателот на судот, ја обавуваа вкупно 13 судии. Во однос на судско-административниот персонал, биле вработени 54 лица.

Во Основниот суд Гевгелија генерално гледано постојат добри услови за работа, меѓутоа, потребно е набавка на нови компјутери. Исто така, потребна е реконструкција – санација на надворешниот дел на судската зграда, потоа реконструкција – санација на внатрешниот дел од судската зграда – реконструкција на грејни тела и електрична инсталација.

Највисоки износи на неизмирени обврски на 31.12.2013 година се на ставката комунални услуги, греење и комуникација износ од 1.800.594,00 денари и на ставката договорни услуги (вештачења, адвокати по службена должност, поротници) износ од 1.457.494,00 денари.

Основниот суд Гевгелија постигнал позитивни резултати во работењето, кое е резултат на постојано ангажирање на судиите со претседателот на судот, стручните соработници, како и сите вработени во судот.

Основниот суд Гевгелија треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките, со засилен личен ангажман на судиите за решавање на поголем број на предмети и подобрување на квалитетот во пресудување, како и постојано стручно усовршување на судиите.

**Основниот суд Гевгелија е** апсолутно ефикасен суд, **бидејќи остатокот од предмети, би го решил** за помалку од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Кавадарци имал во работа **вкупно 10444 предмети** од кои **1876 незавршени предмети од претходната година и новопримени 8570 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 8764,** а останале **нерешени 1680 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Кавадарци **го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 196 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **1258 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 6448 предмети,** со што **вкупно во работа биле 7704 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **6710,** со што останале **994 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Кавадарци, го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 264 предмети. Квантитативно се решени повеќе предмети во споредба со минатата година, а квалитетот во решавањето на предметите е намален во однос на укинати одлуки, имајќи во предвид да е зголемен процентот на укинати одлуки.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2740 предмети** од кои 618 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 2122. **Во текот на годината решени биле 2054,** со што останале **686 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

По вкупно решените предмети во **истрага** изјавени се 13 жалби против решението на истражниот судија за спроведување на истрага и 1 жалба против решение за определување на притвор. Од страна на кривичниот совет по 10 предмети жалбите се одбиени, во два предмети жалбата е усвоена, а 1 предмет останал нерешен на крајот од извештајната година.

Од вкупно решените, **кривични предмети против полнолетни лица**, обжалени-вратени од второстепениот суд се 84 предмети или 25.07%, потврдени одлуки по 59 предмети или 70.24% укинати одлуки по 18 предмети или 21.43%, преиначени одлуки по 5 предмети или 5.95%, делумно укинати одлуки по 2 предмети или 2.38%

Од вкупно решените **прекршочни предмети**, обжалени-вратени од второстепениот суд се 166 предмети или 16.11%, второстепениот суд ги потврдил одлуките по 132 предмети или 79.52%, ги укинал одлуките по 18 предмети или 10.84% и преиначени се одлуките по 16 предмети или 9.64%. Зголемен е бројот на обжалени-вратени одлуки од второстепениот суд и тоа за 63 предмети, и е зголемен процентот на укинати одлуки за 5.01%, а процентот на потврдени одлуки е намален за 5.92%. Во споредба со претходната година, намален е бројот на обжалени вратени одлуки од второстепениот суд за 32 предмети, намален е и процентот на укинати одлуки за 3.57% а зголемен е процентот на потврдени одлуки 3.86%.

**Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел**

Од вкупно решените **процесни предмети**, обжалени-вратени од второстепениот суд се 265 предмети или 35.76%, потврдени се одлуките по 201 предмет или 75.85%, укинати одлуки по 46 предмети или 17,36%,преиначени одлуки по 13 предмети или 4.90%, делумно ги укинал одлуките по 5 предмети или 1.89%. Во споредба со минатата година обжалени-вратени се 115 предмети помалку, а процентот на укинати одлуки е зголемен за 4.73%, а е намален и процентот на потврдени одлуки за 3.89%

Од вкупно решените **платни налози** по приговор обжалени-вратени од второстепениот суд се 27 предмети или 11.79%, потврдени одлуки по 20 предмети или 74.08%, укинати одлуки по 6 предмети или 22.22%, преиначени одлуки по 1 предмет или 3.70%. Во споредба со претходниот извештаен период обжалени-вратени се 10 предмети помалку, а процентот на укинати предмети е зголемен за 11.41% додека процентот на потврдени одлуки е намален за 9.70%

Од вкупно решени **вонпроцесни предмети** обжалени-вратени од второстепениот суд се 22 предмети или 10.94%, потврдени одлуки по 13 предмети или 59.09%, укинати одлуки по 9 предмети или 40.91%.

Нерешени **стари предмети** во месец декември 2013 година има вкупно 13. Од нив девет предмети се граѓански од кои 5 предмети од 1010 година и 4 предмети од 2011 година, а 4 предмети се вонпроцесни од кои 1 предмет од 2010 година и 3 предмети од 2011 година.

Овој суд се соочува и со проблемот од недостиг од службеници на работни места водители на писарници, извршители во писарница и други службеници.

По однос на буџетските стредства Основниот суд во Кавадарци останале неизмирени обврски во износ од 4.264.345,00 денари, кои неизмирени обврски се поголеми од претходната извештајна година.

Имајќи ги во предвид изнесените податоци произлегува дека Основниот суд во Кавадарци во извештајната година го совладал приливот на предметите во граѓанскиот и кривичниот оддел, а решени се повеќе предмети во споредба со претходната година.

Судот е апсолутно ефикасен имајќи предвид да заостатокот на предмети судиите можат да го решат **за помалку од 2 месеци.**

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Кратово имал во работа **вкупно 2031 предмети** од кои **177 незавршени предмети од претходната година и новопримени 1855 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 1862, а останале нерешени 169 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Кратово **го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 8 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **148 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 965 предмети,** со што **вкупно во работа биле 1112 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **964,** со што останале **148 нерешени предмети** на крајот на 2013 година.

Во однос на **квалитетот** при одлучувањето, во Основниот суд Кратово во 2013 година во втор степен по жалба било одлучено по 135 предмети од кои одлуките по 80 предмети биле потврдени или 59,3%, по 15 предмети или 11,1 % одлуката била преиначена, укинати биле одлуки по 39 предмети или 28,8 % и по 1 предмет односно 0,7% жалбата била отфрлена.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **919 предмети** од кои 29 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 890. **Во текот на годината решени биле 898,** со што останале **21 нерешен предмет на крајот на 2013 година.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Кратово, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 8 предмети.

Што се однесува до ***квалитетот*** во работењето во Кривичниот оддел, во текот на 2013 година по жалба било одлучено во 29 предмети, од кои биле потврдени 16 одлуки или 55,2 %, укинати 10 одлуки, односно 34,5 % , а преиначени 3 одлуки, односно 10,3 %. Во однос на вкупниот број решени предмети – 270 во овој оддел, процентот на укинати одлуки е 3,7 %, а преиначени 1,1 %.

Според податоците за бројот на предмети по кои е одлучувано по жалба во Одделот за прекршоци, а во однос на ***квалитетот***, во текот на 2013 година било одлучено по жалба по 59 предмети, од кои одлуките биле потврдени во 31 предмет или 52,5 %, укинати 19 одлуки или 32,2 % и преиначени одлуки по 9 предмети или 15,2 %.

Што се однесува до ***квалитетот*** во работењето во Граѓанскиот оддел, во текот на 2013 година по жалба било одлучено во 38 предмети, од кои биле потврдени 27 одлуки или 71 %, укинати 9 одлуки, односно 23,7 % , а преиначени 2 одлуки, односно 5,3 %. Во однос на вкупниот број решени предмети – 169 во овој оддел, процентот на укинати одлуки е 5,3 %, а преиначени 1,2 %.

Што се однесува до ***квалитетот*** во работењето во Вонпарничниот оддел, во текот на 2013 година по жалба било одлучено по 9 предмети, од кои биле потврдени 7 одлуки или 77,8 %, укината 1 одлука, односно 11,1 % и преиначена 1 одлука, односно 11,1 %. Во однос на вкупниот број решени предмети – 383 во овој оддел, процентот на укинати одлуки е 0,2 % и преиначени 0,2 %.

Во извештајната 2013 година, Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 24 стари предмети од кои решени биле вкупно 18 предмети, а нерешени останале вкупно 6 предмети. Во овој суд исклучително е подобрена состојбата со старите предмети.

Меѓутоа, овој суд и натаму се соочува со проблеми поврзани со опременоста и одржувањето на зградата на судот.

Заради уште подобри резултати, особено во однос на квалитетот на одлуките, посебно во кривично-правната област, упатно е и натаму да се продолжи со активностите кои биле практикувани во овој суд во претходната година, односно да се одржуваат седници на судиите на кои ќе се разгледуваат правните прашања во врска со примената на прописите и изнесени правни мислења изразени во одлуките на

повисоките судови, како и учество во обуките организирани од надлежните институции за следење на прописите и судската пракса.

Основниот суд Кратово според критериумите за пресметување на ефикасноста е **апсолутно ефикасен суд**, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2013 година, судот може да ги реши за помалку од 2 месеци со што може да се заклучи дека вложените напори и активности во Основниот суд Кратово, довеле до подобри резултати изразени во квантитетот и во квалитетот при одлучувањето.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

Во текот на извештајната година, Основниот суд Крива Паланка имал во работа **вкупно 5294 предмети** од кои **665 незавршени предмети од претходната година и новопримени 4630 предмети.** Во текот на 2013 година, **решени биле 4673, а останале нерешени 621 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 44 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **312 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 3275 предмети,** со што **вкупно во работа биле 3586 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **3317,** со што останале **251 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Крива Паланка, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 61 предмет.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1708 предмети** од кои 353 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 1355. **Во текот на годината решени биле 1356,** со што останале **352 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Од вкупно решени предмети во 2013 година, обжалени се 263 предмети односно 14.32%. Од вкупно обжалените предмети, 162 предмети односно 61.59% се потврдени, 43 предмети односно 16.34 % се преиначени и 58 предмети односно 22.05 % се укинати. Од вкупно решените предмети потврдени се 8.74%, преиначени се 2.32%, а укинати се 3.1%.

**Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел**

Од вкупно решените предмети во 2013 година, обжалени се 171 предмет односно 34.54%. Од вкупно обжалените предмети, 119 предмети односно 43.91% се потврдени, 14 предмети односно 8.18 % се преиначени и 37 предмети односно 21.63 % се укинати. Од вкупно

решените предмети потврдени се 24.04%, преиначени се 2.82%, а укинати се 7.47%.

Во текот на 2013 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 24 стари предмети, од кои: 7 кривични, 12 парнични и 5 вонпарнични предмети. Од нив 20 предмети се решени, а останале нерешени 4 и тоа: 2 кривични и 2 парнични.

Основниот суд Крива паланка има потреба од пополнување на приоритетните испразнети работни места. Потребна е реконструкција на електричната инсталација на зградата за непречено функционирање на АКМИС Системот. А по однос на финансиската состојба, судот долгува 2.428.609,00 денари и тоа поголем дел за судски вештачења.

Основниот суд Крива Паланка според критериумите за пресметување на ефикасноста од предметите опфатени со ориентационата норма е **апсолутно ефикасен суд**, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети кои судот ги има на крајот на 2013 година, судот може да ги реши за помалку од два месеци.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Куманово имал во работа **вкупно 46175 предмети** од кои **12794 незавршени предмети од претходната година и новопримени 33241 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 32260, а останале нерешени 11915 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Куманово **го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 1059 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **11399 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 15141 предмети,** со што **вкупно во работа биле 26512 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **17051,** со што останале **9461 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Куманово, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 1938 предмети.

Во 2013 година од вкупно решените по жалба: 1.123 предмети со потврдени одлуки или 51,29%, 233 одлуки преиначени или 12,71% и 404 предмети се укинати со уважени жалби или 22,59%, 28 предмети се делумно укинати и 31 предмет со одлука со која жалбата е отфрлена.

Овие податоци укажуваат дека квалитетот на одлучувањето во овој вид на предмети на ниво на суд задоволува и сеуште има простор тој да се подобри. Бројот на укинатите одлуки по жалба сеуште е висок со процент поголем од 20%.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **19663 предмети** од кои 1575 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 18100. **Во текот на годината решени биле 17209,** со што останале **2454 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Во однос на квалитетот на одлуките во граѓанскиот оддел, забележан е пад на бројот на потврдени одлуки, зголемен е бројот на укинати и преиначени одлуки во кривичниот оддел, а намален е бројот на потврдени и преиначени одлуки, а зголемен е бројот на укинати одлуки.

Во 2013 година Основниот суд Куманово имал во работа вкупно 3.509 стари предмети од кои на почетокот од годината имал заостаток од нерешени 3.986 предмети и во текот на годината станале уште нови стари предмети 1.123. Вкупно биле решени 2.586 предмети и крајот на годината е завршена со 933 незавршени стари предмети. Овие податоци укажуваат состојба дека судот ја подобрил ефикасноста во решавањето на старите предмети за 1.053, што е добар показател на зголемен напор за решавањето на старите предмети.

Цела 2013 година Основниот суд Куманово судската функција ја извршувал со 36 судии и со Претседателот на судот и 123 административни вработени со работници раководни и други судски службеници, референти и судски соработници.

Во делот на заклучното согледување кое се однесуваат за условите за работа просторните, човечките ресурси и буџетот стои заклучокот дека просторните услови во зградата мора да се подобрат со ослободување на зградата од органите кои немаат допир со судската власт, односно со вршење на судската функција, до завршување на реконструкцијата на внатрешноста на зградата и обезбедување нормални услови за инсталирање и на компјутерската опрема и на друга опрема за работа на судот, а во делот на буџетот неминовно е да се одвојат пари повеќе во буџетот како би се надминал проблемот со заостатокот со неизмирените трошоци кои крајно негативно се одразуваат на самостојноста и ефикасноста на судот.

Овој суд према заостатокот на предметите кои судиите можат да ги завршат за време од 5,3 месеци се смета за **ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Неготино имал во работа **вкупно 9374 предмети опфатени и неопфатени со ориентационата норма** од кои **2255 незавршени предмети од претходната година и новопримени 7126 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 7364, а останале нерешени 2010**

**предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Неготино го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 245 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **1944 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 5207 предмети,** со што **вкупно во работа биле 7145 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **5461,** со што останале **1684 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Неготино, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 260 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2229 предмети** од кои 311 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 1919. **Во текот на годината решени биле 1903,** со што останале **326 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

На ниво на Основен суд Неготино квалитетот на решавање на кривични предмети е: потврдени целосно 61,1%, укинати целосно 29,6%, променети целосно 1.9% и променети делумно 7,4%

На ниво на Основен суд Неготино квалитетот на решавање на граѓански предмети е: потврдени целосно 74,1%, потврдени делумно 0,6%, укинати целосно 18,6%, променети делумно 4,2% и други 1,8%.

На ниво на Основен суд Неготино квалитетот на решавање на прекршочни предмети е: потврдени целосно 54,1 %, укинати целосно 24,6 %, променети целосно 14.4 %, променети делумно 5,5 % и други 1,4 %.

Како стари предмети на Основниот суд неготино кои останале нерешени вкупно се 27 предмети и тоа: 2 предмети кривично полнолетни, 22 прекршочни предмети, 1 граѓански предмет и 2 предмети други вонпроцесни.

Основниот суд Неготино има вкупно 28 вработени од кои 6 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Судот, 2013 година ја завршил со неизмирени обврски во износ од 2.250.169,00 денари кои во најголем дел се однесуваат за комунални услуги.

Основниот суд Неготино има недостиг од соодветен кадар за нормално да функционира и пред се да ги реализира навремено сите поставени цели. Доколку бидат пополнети соодветен број работни места со звање судски соработник, функционирањето на судот би било многу олеснето, а би се прикажувало далеку поголем успех, посебно во поглед на временските рокови за изготвување на одлуките и за земањето на предмети во работа.

Компјутерската технологија со слаб и надминат капацитет доведува до бавност, ненавремено и неефикасно работење на судот.

Со оглед на погоре изнесените податоци Основниот суд Неготино во извештајната 2013 година **е апсолутно ефикасен и ажурен суд,** бидејќи заостатокот на нерешени предмети судот може да ги реши **во период од 3 месеци.**

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

Во текот на извештајната година, Основниот суд Гостивар имал во работа **вкупно 45315 предмети** од кои **10944 незавршени предмети од претходната година и новопримени 34386 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 35554, а останале нерешени 9761 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **10.198 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 17673 предмети,** со што **вкупно во работа биле 27856 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **19411,** со што останале **8445 нерешени предмети** на крајот на 2013 година.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **17459 предмети од кои** новопримени биле 16713, незавршени од претходната година 746 од кои 16143 биле решени во текот на годината, со што останале 1316 нерешени предмети.

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Од вкупно решените кривични за полнолетни и кривични за малолетни предмети во 2013 година, обжалени се 273, односно 40.56%, потврдени се 68 (10,10%), укинати се 86 (0%), преиначени се 28(4.16%).

Од вкупно 10.785 прекршочни предмети, обжалени се 660 предмети (11,02%), потврдени се 175 (0.2366%), укинати се 109 (1.82%),преиначени се 252 (4,21%).

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Од вкупно решените предмети – спорови од мала вредност, обжалени се 135 (359,47%), потврдени се 82 односно (23.56%), укинати се 26 (7,47%) преиначени се 3 (0.86%).

Од вкупно решените предмети од спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследството, обжалени се 103 (10.90%), потврдени се 167 односно (17.67%), укинати се 65 (6.88%) преиначени се 9 (0.95%).

Од вкупно решените предмети од семејни спорови, обжалени се 22 (63.887%), потврдени се 9 (3.64%), укинати се 4 (1.62%) преиначени се 0 (0.00%).

Од вкупно решените предмети од работни спорови, обжалени се 99 (361.18%), потврдени се 43 (22,5167%), укинати се 10 (5.24%) преиначени се 3 (1.57%).

Од вкупно решените предмети од платни налози по приговор, обжалени се 202 (25.67%), потврдени се 94 односно (11.94%), укинати се 26 (3.30%) преиначени се 8 (1.02%).

Од вкупно решените предмети во трговски спорови, обжалени се 103 (10.90%), потврдени се 167 односно (17.67%), укинати се 65 (6.88%) преиначени се 9 (0.95%).

Од вкупно решените вонпроцесни и оставински предмети, обжалени се 33 предмети, потврдени се 17 предмети, укинати се 13, а преиначени се 2 предмети.

Квалитетот на решавање на предметите во кривичниот и во граѓанскиот оддел е зголемен споредено со 2012 година.

Во Основниот суд Гостивар на почетокот на 2013 година останале 659 стари нерешени предмети од кои 175 се оставински предмети.

Во текот на 2013 година статус на стари предмети добиле уште 978 предмети. Решени се 718, а на крајот на годината останале 919 стари предмети.

Судот има потреба од пополнување на испразнетите работни места со соодветен кадар на судски службеници.

Основниот суд Гостивар има несоодветни просторни услови и потреба од доопремување на канцелариите и архивата на судо, набавка на камери, соодветни метал детектори за зголемување на безбедноста на судот.

Основниот суд Гостивар буџетската 2013 година ја завршил со долг од 6.371.417,00 денари.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Гостивар за извештајната 2013 година, може да се констатира дека Основниот суд Гостивар го совладал приливот на нови предмети, заостатокот на предмети може да го совлада за 5,7 месеци со што овој суд може да се смета за **ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

Во текот на извештајната година, Основниот суд Дебар имал во работа **вкупно 2967 предмети** од кои **717 незавршени предмети од претходната година и новопримени 2261 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 2471, а останале нерешени 496 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **419 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 1580 предмети,** со што **вкупно во работа биле 1993 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **1636,** со што останале **357 нерешени предмети** на крајот на 2013 година.

Во 2013 година, обжалени се вкупно 113 предмети, вратени се 190 од кои 56 се укинати, 117 потврдени и 4 преиначени.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **974 предмети** од кои 298 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 681. **Во текот на годината решени биле 835,** со што останале **139 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет на одлучување на ниво на кривичен оддел**

Од вкупно решените предмети во 2013 година обжалени се 72 предмети. Вратени се 56. Укинати се 21, потврдени 38, преиначени 0.

**Квалитет на одлучување на ниво на граѓански оддел**

Од вкупно решените предмети во 2013 година обжалени се 41, вратени 134 предмети од кои 25 се укинати, 109 потврдени и 4 преиначени.

Квалитетот на решавање на предметите во кривичниот и во граѓанскиот оддел е зголемен споредено со 2012 година.

На крајот на извештајната година останале 26 стари нерешени предмети, кои заедно со бројот стари нерешени предмети во работа на нотарите, вкупната бројка е 41 стари нерешени предмети.

По однос на човечките ресурси, согласно систематизацијата на работните места за судските службеници, судот има непополнети 23 работни места.

Судот располага со слаба технологија односно остварувањето на работните задачи преку електронските помагала е споро со оглед на тоа што постојано се усовршува програмот, а компјутерската технологија е со слаб капацитет.

Извештајната 2013 година, судот ја започнал со долг од 1.450.352,00 денари.

Основниот суд Дебар е **апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за **2.2 месеца**.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Кичево имал во работа **вкупно 14773 предмети** од кои **1185 незавршени предмети од**

**претходната година и новопримени 13594 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 13610, а останале нерешени 1163 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Кичево го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 22 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **940 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 8760 предмети,** со што **вкупно во работа биле 9698 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **8967,** со што останал **731 нерешен предмет** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Кичево, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 209 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **5075 предмети** од кои 245 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 4834. **Во текот на годината решени биле 4643,** со што останале **432 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Од вкупно решените кривични предмети против полнолетни лица обжалени се 90 одлуки или 30,20%. Вратени од второстепен суд се 109 предмети или 28,83% од кои: потврдени се 74 предмети или 67,88%, укинати се 23 предмети или 21,1%, со одлука отфрлени се 5 предмети или 4,58% и преиначени 7 предмети или 6,42%.

Соодносот на укинати и преиначени предмети по однос на решени во овој оддел е следен: од вкупно решени 298 предмети укинати се 23 предмети или 7,71%, преиначени се 7 или 2,34%.

Од вкупно решените прекршочни предмети, обжалени се 267, а вратени од второстепен суд се 192 или 11,38% од кои: потврдени се 49 предмети или 25,52%, укинати 104 предмети или 54,16% и преиначени се 34 или 17,70%. Соодносот на укинати и преиначени предмети во однос на решени во овој оддел, е следен: од вкупно решени 298 предмети укинати се 23 или 7,71%, а преиначени се 7 или 2,34%. Со одлука на суд отфрлени се 2 предмета или 1,04%.

Соодносот на укинати и преиначени во однос на решените е од вкупно решени 1687 укинати се 104 или 6,16%, а преиначени 34 предмети или 2,01%.

Процесни предмети (работни спорови, мала вредност, семејни спорови, облигациони односи и др.), од вкупно решените предмети обжалени се 756, вратени од второстепен суд 578 предмети или 29,99% од кои потврдени се 382 предмета или 66,08%, укинати се 155 или 26,81%, преиначени се 38 или 6,57% и делумно укинат 1 предмет или 0,17% и со одлука на суд отфрлени се 2 предмети или 0,34%.

Соодносот на укинати и преиначени предмети во однос на решени во овој оддел е: од вкупно 1927 предмети укинати се 155 или 8,04%, преиначени се 38 предмети или 1,97%.

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел има само 8, во граѓанскиот оддел 12 предмети, 2 стечај, ВПП предмети стари има 2, 39 оставински предмети кои се наоѓаат кај нотари и 2 стари Р предмети.

Во Основниот суд во Кичево има вработено 14 судии вклучително и Претседателот на Судот, како и 49 вработени, вклучувајќи ја и судската полиција. Судот се соочува со недостаток на судски административен персонал и тоа: дактилографи и административно технички службеници.

По однос на буџетските средства, вупниот долг по сите основи изнесува 6.158.114,00 денари кој е зголемен по однос на долгот на овој суд во 2012 година.

Може да се констатира дека судот е **апсолутно ефикасен** имајќи предвид дека заостатокот на предмети може да се реши во рок од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Тетово имал во работа **вкупно 26639 предмети** од кои **7060 незавршени предмети од претходната година и новопримени 19586 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 20355, а останале нерешени 6284 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Тетово, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 776 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало 6100 **предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 14370 предмети,** со што **вкупно во работа биле 20465 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **15618,** со што останал **4847 нерешен предмет** на крајот на 2013 година.

На ниво на суд е совладан приливот на нови предмети опфатени со ориентациона норма и намален е заостатокот за 1253 предмети.

Квалитет на одлучување на ниво на суд: во извештајната година вкупно по жалба е одлучено во 2.458 предмети од кои 1.483 предмети се потврдени, 670 предмети се укинати, 289 предмети се преиначени, а 16 предмети во дел се потврдени во дел укинати.

Изразено во проценти, обжалени од вкупно решените предмети се 13,54%.Од обжалените предмети, 60,33% се потврдени, 27,25% се укинати, 11,76% се преиначени, а 0,65% во дел се потврдени во дел укинати. Од вкупно решените предмети, 8,17% се потврдени, 3,69% се укинати, 1,59% се преиначени, а 0,09% во дел се потврдени во дел укинати.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **6174 предмети** од кои 960 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 5216. **Во текот на годината решени биле 4737,** со што останале **1437 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет на одлучување на ниво на кривичен оддел**

Изразено во проценти од вкупно решените, обжалени предмети се 13,89%. Од обжалените предмети, 55,54% се потврдени, 30,14% се укинати, 13,81% се преиначени, а 0,50% во дел се потврдени во дел укинати.Од вкупно решените предмети, 7,71% се потврдени, 4,19% се укинати, 1,92% се преиначени, а 0,07% во дел се потврдени во дел укинати.

**Квалитет на одлучување на ниво на граѓански оддел**

Изразено во проценти од вкупно решените, обжалени предмети се 12,69%. Од обжалените предмети, 73,13% се потврдени, 19,55% се укинати, 6,27% се преиначени, а 1,04% во дел се потврдени во дел укинати. Од вкупно решените предмети 9,28% се потврдени, 2,48% се укинати, 0,79% се преиначени, а 0,13% во дел се потврдени во дел укинати.

На крајот на извештајната година останале нерешени **53** стари предмети од кривичната област и **18** стари предмети од граѓанската област.

Судот се соочува со немање доволен број судници и канцеларии за вработените, а има потреба од подобрување на информатичката и техничката опременост.

Судот исто така има потреба од пополнување на непополнетите работни места, пред се судски доставувачи, судски референти дактилографи, а има и недостаток на материјални средства за тековната работа.

Според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат за период од **3,2 месеци**, поради што Основниот суд Тетово и за оваа извештајна година може да се смета за **апсолутно ефикасен суд**.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Во текот на извештајната година, Основниот суд Битола имал во работа **вкупно 30820 предмети** од кои **6799 незавршени предмети од претходната година и новопримени 24050 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 23950, а останале нерешени 6870 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **4343 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 16362 предмети,** со што **вкупно во работа биле 20679 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **16891,** со што останале **3788 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Битола, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 555 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **10141 предмети** од кои 2456 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 7688. **Во текот на годината решени биле 7059,** со што останале **3082 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Ориентационата норма на ниво на оддел изнесува 84,06%, а квалитетот на изготвените одлуки во **К** бил потврдени 64,43%, укинати 22,13%, преиначени 8,30%, делумно укинати 3,16% и отфрлени 1,98%. Во **ПРК** потврдени се 46,78%, укинати 46,78%, преиначени 4,07%, делумно укинати 0,34%, отфрлени 2,03%. Во **КС** потврдени се 72,13%, укинати 26,23%, преиначени 1,64%, делумно укинати и отфрлени 0,00%.

**Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел**

Ориентационата норма на ниво на оддел изнесува 151,02%, а квалитетот на изготвените одлуки во предмети со ознака **П** е потврдени 62,68%, укинати 23,71%, преиначени 11,55%, делумно укинати 2,06% и отфрлени 0,00%. Предмети **МАЛВ-П и МАЛВ-ТС** потврдени се 67,24%, укинати 22,07%, преиначени 8,97%, делумно укинати 1,72% и отфрлени 0,00%. Предмети **ТС** потврдени се 69,41,29%, укинати 20,00%, преиначени 8,24%, делумно укинати 2,35% и отфрлени 0,00%. Предмети **РО** потврдени 60,68%, укинати 23,93%, преиначени 13,68%, делумно укинати 1,71% и отфрлени 0,97%. Предмети **ПЛ** потврдени 72,61%, укинати 21,66%, преиначени 4,14%, делумно укинати 0,32% и отфрлени 1,27%. Предмети **ВПП и ВПП-1** потврдени 58,93%, укинати 39,29%, отфрлени 1,79%. Предмети **ВПП-2** потврдени 72,22%, укинати 27,78%. Предмети **О** потврдени 50,50%, укинати 50,50%. Предмети **ПСО** потврдени 66,67%, укинати 33,33%. Предмети **ПИ** потврдени 20,00%, укинати 80,00%. Предмети **ППНИ** потврдени 67,10%, укинати 3,03%, преиначени 29,44%, и отфрлени 0,43%. Предмети **ОДС** потврдени 100% и предмети **Р** потврдени 50,00% укинати 50,00%.

Судот 2013 година ја завршил со **78** нерешени стари предмети и тоа 55 од 2011 година, 14 од 2010 година, 5 од 2009 година, 1 од 2008 година, 2 од 2007 година и 1 од 2002 година.

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, но има потреба од дополнителен простор за чување на архивска граѓа. Судот е со застарена компјутерска технологија и има потреба од набавка на модерна компјутерска опрема.

Судот има неопходна потреба за вработување на судски службеници, стручни соработници и 1 судски полицаец.

Одобрените средства за 2013 година не биле доволни за нормално функционирање на судот и редовно измирување на обврските.

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во наредниот период ќе треба да обрне посебно внимание на побрзо решавање на преостанатите стари нерешени предмети и да се направат напори за подобрување на квалитетот на работењето и зголемување на процентот на потврдени предмети, кој во оваа извештајна година е понизок од оној во 2012 година

Според заостатокот на нерешени предмети кои судот може да ги реши за 2,4 месеци, овој суд спаѓа во групата на **апсолутно ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Крушево имал во работа **вкупно 2316 предмети** од кои **374 незавршени предмети од претходната година и новопримени 1942 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 2001, а останале нерешени 315 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Крушево, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 59 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **268 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 1014 предмети,** со што **вкупно во работа биле 1282 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **1118,** со што останале **164 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Крушево, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 104 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1034 предмети** од кои 106 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 928. **Во текот на годината решени биле 883,** со што останале **151 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Кај кривичните предмети за полнолетни лица, во жалбена постапка биле 15 предмети при што: во 11 предмети одлуката е потврдена или 73%, во 2 предмети одлуката е укината или 13%, во 1 предмет одлуката е преправена или 7 % и во 1 предмет одлуката е делумно преправена или во проценти 7%.

Може да се констатира дека квалитетот во решавањето на предметите во овој оддел е зголемен за 10% во споредба со претходната 2012 година.

Кај прекршочните предмети од претходната година останале нерешени 15 предмети, ново примени се 201 предмет или вкупно во работа биле 216 прекршочни предмети од кои решени се 203 предмети, а нерешени 13. Обжалени се 29 предмети и е донесена одлука по сите 29 предмети. Во 10 предмети одлуката е потврдена или 35%, во 12 предмети одлуката е укината или 41% и во 7 предмети одлуката е преправена или 24%, па во споредба со претходната година во овој оддел има намалување на квалитетот.

**Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел**

Во овој оддел може да се констатира зголемен прилив на предмети, зголемен обем на работа, но има и зголемено решавање на истите и намалување на остатокот од нерешени предмети што значи дека е совладан приливот на новопримените предмети и намален за остатокот на предмети.

Биле обжалени 27 предмети, примени одлуки по жалба се 34 при што потврдени се 23 или 68%, укинати се 5 или 15%, преправани се 4 или 12 % и делумно преправени се 2 или 5%.

Може да се констатира дека квалитетот во граѓанското одделение е намален во споредба со претходната година и тоа кај потврдените предмети во споредба со претходната година е намален за 10% .

Во Основниот суд Крушево нема стари предмети.

Основниот суд Крушево својата функција во 2013 година ја извршувал со 21 вработен, од кои 3 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, а останатите како административен персонал. Судот има недостаток од стручно соработнички кадар, 1 дактилограф и хигеничар.

Опременоста на судот е на задоволително ниво. Сите вработени имаат соодветни канцеларии, а канцелариите се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари).

Судот има неисплатени трошоци од околу 640.000,00 денари.

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд во Крушево во извештајната година посветувал посебно внимание да го совлада приливот на предметите и да ги реши старите предмети, така да на крајот од годината во судот нема нерешени стари предмети. Заостатокот од нерешени 315 предмети односно ако се иземат предметите доверени на нотар реалниот остаток е 169 предмети кои

можат да се решат за 1.2 месеци, односно за помалку од 1,5 месеци што значи дека овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**

Во текот на извештајната година, Основниот суд Охрид имал во работа **вкупно 27681 предмети** од кои **5842 незавршени предмети од претходната година и новопримени 21843 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 19899, а останале нерешени 7782 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **5775 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 18013 предмети,** со што **вкупно во работа биле 23784 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **16179,** со што останале **7605 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Охрид, го нема совладано приливот, а заостатокот го зголемил за 1830 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **3897 предмети** од кои 67 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 3830. **Во текот на годината решени биле 3720,** со што останале **177 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Кривичните предмети во работа по жалба биле 251 предмет, од нив 163 предмети биле потврдени или 64,9 %, укинати биле 56 предмети или 22,3%, делумно укинати 4 или 1,6 %, отфрлени 4 или 1,6 % и преправени 24 предмети или 9,6%. Во граѓанскиот оддел од вкупниот број на предмети во работа по жалба биле 1077 предмети, од нив потврдени биле 649 односно 60,26%, укинати 257 односно 23,86%, делумно укинати 44 односно 4,08 %, отфрлени 11 односно 1,02 % и преправени 116 односно 10,77 %.

**Состојба со стари предмети**

Во судот останале нерешени вкупно 425 предмети од кој најстариот е еден предмет од 2001 година.

Основниот суд Охрид во својата работа се соочува со материјални и неизмирени финансиски долгови.

Потребно е да се обезбедат средства за уште една цистерна за нафта, промена на кровна конструкција, набавка на компјутери и печатари во доволен број, стручна литература, како и решавање на просторниот проблем, ако се има во предвид дека во истата зграда се наоѓаат и Државното правобранителство Охрид и Основното Јавно обвинителство Охрид.

Основниот суд Охрид е **ефикасен суд**, бидејќи заостатокот на предмети судиите можат да ги завршат во време до 5 месеци.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Во текот на извештајната година, Основниот суд Прилеп имал во работа **вкупно 28095 предмети** од кои **6362 незавршени предмети од претходната година и новопримени 21737 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 21340, а останале нерешени 6755 предмети**.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **5049 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 14945 предмети,** со што **вкупно во работа биле 19993 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **15255,** со што останале **4738 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Прилеп, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 311 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **8102 предмети** од кои 1313 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 6792. **Во текот на годината решени биле 6085,** со што останале **2017 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Во **кривичниот оддел** од вкупно решените необжалени предмети биле 545 или 83,9% а 85 предмети биле вратени по жалба од кои, потврдени се 53 или 8,1%, преправени 10 или 1,5%, укинати 16 или 2,4%, делумно укинати 6 или 0,9% така да вкупно необжалени и потврдени биле 598 или 91,5% премети.

Во **прекршочниот оддел** од решените необжалени предмети биле 2.860 или 95,6% а 139 предмети биле вратени по жалба од кои, потврдени се 97 или 3,2%, преправени 7 или 0,2%, укинати 35 или 1,1%, така да вкупно необжалени и потврдени биле 2.957 или 98,5% предмети.

**Квалитет при одлучување во граѓанските процесни предмети (П1,П2,П3,П4,Малв.П,Ро):**
Од вкупно решените необжалени предмети биле 2.461 или 79,1% , биле вратени по жалба 649 премети од кои, потврдени се 402 или 12,9%, преправени 68 или 2,1%, укинати 107 или 3,4%,делумно укинати 72 или 2,3% така да вкупно необжалени и потврдени биле 2.863 или 92% предмети.

**Квалитет при одлучување во граѓанските предмети од областа на трговските спорови (Тс,Тс1,Малвтс,Пл1тс,Ст):**

Од вкупно решените необжалени предмети биле 472 или 95,5%, биле вратени по жалба 22 предмети од кои, потврдени се 18 или 3,6%, преправени 1 или 0,2%, укинати 3 или 0,6%, делумно укинати 0 или 0,0% така да вкупно необжалени и потврдени биле 490 или 99 % предмети.

Во кривичниот одел стари нерешени предмети на крајот на извештајната 2013 година, останале 18 предмети и тоа: 1 од 2011, 9 од 2010, 6 од 2009, 1 од 2008 и 1 од 2007 година.

Со одлука на Судски совет на Република Македонија, бројот на судски места во Основен суд Прилеп е определен на 24 судии.

Овој суд работата во 2013 година ја започнал со 21 пополнети судиски места, а ја завршил со 18 пополнети судиски места. Овој суд работи со намален број на стручни и админитративни судски службеници. Работи во добри просторни услови, но информатичката опрема во судот е стара и амортизирана. Во поглед на материјалното финансиско работење се соочува со неизмирени обврски во вкупен износ од 10.246.894,00 денари.

Бидејќи бројот на нерешените предмети во извештајната 2013 година судот може да ги реши за период од 3,2 месеци произлегува дека овој суд е **ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Во текот на извештајната година, Основниот суд Ресен имал во работа **вкупно 3303 предмети** од кои **379 незавршени предмети од претходната година и новопримени 2933 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 2947, а останале нерешени 356 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Ресен го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 23 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **350 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 1383 предмети,** со што **вкупно во работа биле 1724 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **1426,** со што останале **298 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Од вкупно 304 обжалени предмети, потврдени се 221, преиначени 23, укинати 48. Во текот на 2013 година, Основниот суд Ресен, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 52 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1579 предмети** од кои 29 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 1550. **Во текот на годината решени биле 1521,** со што останале **58 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

**Кривичен оддел**

Од вкупно решените предмети, обжалени се 18 предмети. Од обжалените е одлучено е во 15 предмети, од кои потврдени се 10 (66%), укинати се 3 (20%), преиначен е 1(6.7%).

**Истражни дејствија**

Од 15 предмети, 12 се решени, а 3 останале нерешени.

По уписник"**ОИД**" од 34 предмети, 30 се решени, а 4 останале нерешени.

**Кривичен совет**

Од 18 предмети, 14 или 77,8 се решени, 4 останале нерешени.

**Прекршочен оддел**

Од обжалените одлучено е во 44 предмети, од кои потврдени се 22 (50%), преиначени се 2 (4,5%), укинати се 4 (9%), отфрлени се 5 (11,4%).

**Извршување на кривични санкции**

По уписник **"КУИК"** од вкупно 12 предмети, решени се 9, а 3 останале нерешени .

По уписник **"ИКС"** од вкупно 40 предмети, 25 се решени, а 15 останале нрешени.

**Извршување на прекршочни санкции**

Од 363 предмети, 322 се решени, а 41 останале нерешени**.**

**Парнични предмети**

Од вкупниот број решени предмети, обжалени се 121 (31,8%). Од 146 вратени предмети од жалбена постапка, потврдени се 83 односно (56,8%), укинати се 36 (9,28%) преиначени се 20 (5,15%), отфрлен е 1 (0,26%).

**Оставински предмети**

Од 18 предмети сите се решени.

**Оставински предмети кај нотари**

Од 422 предмети, решени се 141, а останале 281 нерешени.

**Предмети по уписник "ППНИ"**

Од решените предмети, жалба е поднесена во 8 предмети (10,67%). Од вратените 9 предмети од жалбена постапка, потврдени се 3, преиначени 4 ,укинат е 1, делумно укинат е 1.

**Вонпроцесни предмети**

Од вкупно решените предмети, обжалени се 9 (20%). Од 11 вратени предмети од жалбена постапка, потврдени се 6 односно (54,5%), укинати се 4 (36.4%), делумно укинат е 1 (9.09%).

На крајот на 2013 останале вкупно, 15 нерешени стари предмети од кои, 4 во граѓански оддел , 1 вонпарнични предмети, 2 во прекршочен оддел, 6 предмети по ИПРК, 2 предмети по уписник "КУИКП"

По однос на човечките ресурси во Основниот суд Ресен, недостасува пополнување на две административни работни места.

Условите за работење во судот се релативно добри. Со ослободувањето на просториите кои ги користи Основното јавно

обвинителство Ресен, состојбата со просторните услови на судот значително би се подобрила.

Техничката опременост на судот не задоволува потребите. Судот работи со застарена компјутерска опрема која треба да се замени со нова.

Потребно е замена на постојната доградба со нова, нова фасада на судската зграда заради изолација, со што ќе се добие заштеда во потрошувачката електрична енергија, гориво за греење.

Судот нема посебен влез, па заради целосна евиденција на вработените потребно е да се обезбеди ваков влез или да се инсталира видео-опрема.

Неподмирени обврски заклучно со 31.12.2013 година, останале 1.863.709,00 денари.

Судот во извештајниот период успеал да го совлада целокупниот прилив на предмети, како и да совлада дел од заостатокот, бидејќи се решени повеќе предмети, отколку што се новопримени во работа.

**Апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 2,1 месец.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

Во текот на извештајната година, Основниот суд Струга имал во работа **вкупно 17250 предмети** од кои **4857 незавршени предмети од претходната година и новопримени 12419 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 14290, а останале нерешени 2960 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Струга го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 1897 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **4497 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 10294 предмети,** со што **вкупно во работа биле 14768 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **12421,** со што останале **2347 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Струга, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 2150 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2482 предмети** од кои 360 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 2125. **Во текот на годината решени биле 1869,** со што останале **613 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Квалитетот на одлуките во кривичниот оддел изнесува 72,01%, бидејќи од вкупно 318 обжалени вратени одлуки, 229 одлуки се потврдени, 75 се укинати, а 14 се преправени.

Квалитетот на одлуки во кривичниот оддел против полнолетни и против малолетни лица изнесува 79,33%, бидејќи од вкупно 121 вратени обжалени одлуки, 96 се потврдени, 18 се укинати и 7 се преправени.

Квалитетот на потврдени прекршочни предмети изнесува 67,39%, бидејќи од вкупно 184 вратени обжалени одлуки, 124 се потврдени, 53 се укинати и 7 се преправени.

Квалитетот на одлуките во граѓанскиот оддел изнесува 74,83%, бидејќи од вкупно 612 обжалени вратени предмети, 458 се потврдени, 114 укинати, а 40 се преправени.

Што се однесува до стари предмети во 2013 година биле решени вкупно 152 стари предмети и на крајот на годината останале нерешени 77 стари предмети.

Останувaат нерешени прашањата за пополнување на упразнетите работни места со административно технички и стручно советнички персонал. Потребно е да се обезбедат неопходните материјални средства за покривање на долговите за тековно работење на судот.

Според изложените податоци во рефератот, може да се заклучи дека Основниот суд Струга работењето во 2013 година го завршил како **ефикасен суд.**

**ОСНОВЕН СУД БЕРОВО**

Во текот на извештајната година, Основниот суд Берово имал во работа **вкупно 4108 предмети** од кои **354 незавршени предмети од претходната година и 3755 новопримени предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 3874, а останале нерешени 234 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Берово го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 120 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **235 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 1662 предмети,** со што **вкупно во работа биле 1897 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **1731,** со што останале **166 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Берово, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 69 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2211 предмети** од кои 119 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 2093. **Во текот на годината решени биле 2143,** со што останале **68 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Берово во  2013 година по жалба во <u>Кривичниот оддел</u> било одлучено по 16 предмети од кои одлуките по 6 предмети биле потврдени или 37,50 %, по два предмети или 12,50% одлуките биле преиначени, укинати биле одлуки по 8 предмети или 50,00 %.

Во <u>Одделот за прекршоци</u> во текот на 2013 година, по жалба било одлучено во 9 предмети од кои потврдени биле 2 предмети или 22,22%, преиначена била една одлука или 11,11% и укинати одлуки по 6 предмети или 66,66%.

Во <u>Граѓанскиот оддел</u> по жалба било одлучено во 56 предмети од кои потврдени биле одлуките по 43 предмети или 76,78 %, делумно потврдени биле две одлуки или 3,57 %, делумно преиначени биле пет одлуки или 8,92 %, преиначени биле 4 одлуки или 7,14 % и укинати одлуките по 2 предмети или 3,57%.

Во Основниот суд Берово, споредено со претходната извештајна година, се констатира дека е совладан приливот, а во Граѓанскиот оддел е подобрен и квалитетот при одлучувањето. Меѓутоа во Кривичниот оддел се констатира опаѓање на квалитетот во одлучувањето, со оглед на високиот процент на укинати одлуки (50%), што се должи и на мал број предмети по кои било одлучувано по жалба – вкупно 16 предмети.

Заради подобри резултати, особено во однос на квалитетот на одлуките, упатно е редовно да се следи судската пракса на повисоките судови, да се разгледуваат одделни правни прашања по кои судиите се соочуваат со проблеми при одлучувањето, а во врска со примената на прописите, како и активно да се учествува во обуките организирани од надлежните институции за следење на прописите и судската пракса.

Основниот суд Берово за 2013 година е апсолутно **ефикасен суд**, ако се има во предвид дека заостатокот на нерешени предмети, може да го реши за помалку од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

Во текот на извештајната година, Основниот суд Виница имал во работа **вкупно 5069 предмети** од кои **446 незавршени предмети од претходната година и новопримени 4623 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 4730, а останале нерешени 339 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Виница го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 107 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентациона норма,** во судот имало **294 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 2219 предмети,** со што **вкупно во работа биле**

**2513 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **2240,** со што останале **273 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Виница, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 21 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2556 предмети** од кои 152 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 2404. Во текот на годината **решени биле 2490,** со што останале **66 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

**Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел**

Од вкупно решените предмети, биле обжалени 109 предмети, односно во 2013 година биле вратени од жалбена постапка 119 и тоа: 49 предмети или 5% потврдени, 7 предмети или 1% преиначени и 59 предмети или 7% укинати, 1 предмет делумно укинат и 3 предмети со отфрлени жалби.

Состојбата на квалитетот, од вкупниот број на обжалени 119 предмети е следната: потврдени предмети 49 или 44,11%, преиначени предмети 7 или 5,88% и укинати предмети 59 или 49,57%.

Податоците даваат констатација дека во квалитетот поголемот е бројот на процентот на укинати предмети по жалба од потврдените. Ова укажување дека во овој оддел квалитетот на пресудените треба да се подобри, односно во 2013 година судиите немаат задоволителни резултати.

**Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел**

Од вкупно решените предмети биле обжалени 119 предмети, односно вратени од жалба 112 предмети и тоа: 81 предмет потврдени или 72,32%, 19 предмети или 16,96% укинати односно преиначени и 11 предмети или 9,82% укинати.

На ниво на оддел од 383 предмети завршени 81 предмет потврден или 21,14% потврдени, 19 предмети или 4,96% преиначени и 11 предмети или 2,87% укинати.

Податоците за квалитет на одлучување на ниво на оддел од вкупно решените односно од вкупно обжалените и вратени по жалба, даваат констатација дека овој вид предмети судот покажал добри резултати.

Процентот на потврдените предмети изричито поголем од укинатите, што дава за право да се заклучи дека и во 2014 година судот треба да продолжи со добар квалитет на пресудување од овој вид на предмети.

Во 2013 година судот во работа имал вкупно 13 стари. Во текот на годината решение се 7 предмети, останале нерешени 6 предмети и тоа од 2009 година 1 предмет и 5 предмети од 2011 година.

Во извештајната 2013 година судот работел со тројца со Претседаталот на судот, од предвидените 5 судиски места.

Информатичката технологија е стара заокружена во 2008 година кога се направени последните промени во насока на опремување на мрежата која претрпела поголеми промени. Опремата е стара 5 години, и потребно е да се изврши обнова на персоналните компјутери кои се користат како работни станици со нови за целосно судот да добие нови 16 компјутери со прериоритет на набавка на компјутерите за писарниците на судиите.

Просторните услови не задоволуваат, тековната опременост не одговара на стандардната и таа сама по себе остава лош впечаток за странките и граѓаните.

Судот има нереализирани обврски од 736.938,00 денари, што претставува проблем кој се одразува на работата.

Од податоците и констатациите изнесени во извештајот за заклучните согледувања на работата на Основниот суд во Виница произлегува дека овој суд е **апсолутно ефикасен суд** кој заостатокот на предмети може да го реши за 1,2 месеци.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

Во текот на извештајната година, Основниот суд Делчево имал во работа **вкупно 5775 предмети** од кои **765 незавршени предмети од претходната година и новопримени 5011 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 5125, а останале нерешени 650 предмети.**

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **510 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 2577 предмети,** со што **вкупно во работа биле 3086 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **2717,** со што останал**е 369 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Делчево, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 141 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **2689 предмети** од кои 255 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 2434. **Во текот на годината решени биле 2408,** со што останал **281 нерешен предмет на крајот на 2013 година.**

Квалитет на работа при одлучување на ниво на суд на предмети опфатени со ориентациона норма

- Во 2013 година вкупно се обжалени 222 предмети. Од вратените предмети, потврдени се 121, преиначени14, укинати 60.

- **Кривичен оддел.** Од вкупно решените предмети, обжалени се 37 (27,2%) од кои: 21 предмети се потврдени (60%) 1 преиначен (3%,) укинати 13 (37%). Од вкупниот број решени 15,4 % се потврдени, 0,7% преиначени, 9.5 % укинати.

- **Прекршочен оддел**. Од вкупно решените предмети, обжалени се 70 (12%), потврдени се 30 (46%), преиначени 3 (5%), укинати 32 (49%). Од вкупниот број решени предмети, потврдени се 5,2%, преиначени 0,5% и укинати 5,5%.

- **Граѓански оддел.** Од вкупно решените предмети, 115 се обжалени, од кои: 70 (74%) се потврдени, 10 (10%) преиначени, 15 (16%) укинати. Од вкупниот број решени предмети 17% се потврдени, 2,5% преиначени, 3,7% укинати.

Во Основниот суд Делчево останале незавршени 13 стари предмети од 2013 година.

Зградата на судот е функционална и располага со потребните простории за работа на судиите и на другите вработени. За подобрување на функционалноста е потребно да се постави детекторска врата на влезот на судот и камери. Во однос на информатичката технологија се истакнува проблемот на дотраеноста на компјутерите и нивниот одраз во нормалниот тек на работењето.

Овој суд заклучно со 31.12.2013 година, има долг во вкупен износ од 2.189.410 денари.

Заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 1,5 месеци, со што овој суд спаѓа во категоријата на **апсолутно ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Кочани имал во работа **вкупно 14637 предмети** од кои **1761 незавршен предмет од претходната година и новопримени 12879 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 13097, а останале нерешени 1540 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Кочани го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 221 предмет.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **1365 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 8617 предмети,** со што **вкупно во работа биле 9981 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната

година биле **8750,** со што останал **1231 нерешен предмет** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Кочани, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 134 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **4656 предмети** од кои 396 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 4262. **Во текот на годината решени биле 4347,** со што останале **309 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Од вкупно решените предмети во кривичниот оддел во 2013 година, обжалени се 407 предмети односно 9.30%. Од вкупно обжалените предмети, 219 предмети односно 53.80% се потврдени, 34 предмети односно 8.35 % се преиначени и 154 предмети односно 37.83 % се укинати. Од вкупно решените предмети потврдени се 5%, преиначени се 0.7%, а укинати 3.52%.

Од вкупно решените предмети во граѓанскиот оддел во 2013 година, обжалени се 554 предмети односно 18.32%. Од вкупно обжалените предмети, 389 предмети односно 70.21% се потврдени, 57 предмети односно 10.28 % се преиначени и 109 предмети односно 19.67 % се укинати. Од вкупно решените предмети, 12.8% се потврдени, 1.8% се преиначени, а 3.51% се укинати.

До крајот на 2013 година во Основниот суд Кочани имало 39 стари нерешени предмети, од кои 35 кривични и 4 граѓански предмети.

Потребно е пополнување на приоритетните испразнети места, зградата на судот не е функционална и располага само со 3 судници кои не се доволни според закажаните рочишта во текот на работните недели. За подобрување на состојбата со просторот треба да се дислоцираат Основното јавното обвинителство и Државното правобранителство.

На крајот на 2013 година, судот долгува 4.112.795,00 денари и тоа поголемиот дел за судски вештачења.

Основниот суд Кочани според критериумите за пресметување на ефикасноста е **апсолутно ефикасен суд,** ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2013 година, судот може да ги реши за два месеци.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Радовиш имал во работа **вкупно 8860 предмети** од кои **506 незавршени предмети од претходната година и новопримени 8354 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 8499, а останале нерешени 361**

**предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Радовиш го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 145 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **288 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 4556 предмети,** со што **вкупно во работа биле 4844 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **4564,** со што останале **280 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Радовиш, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 8 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **4016 предмети** од кои 218 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 3798. **Во текот на годината решени биле 3935,** со што останал **81 нерешен предмет на крајот на 2013 година.**

Во кривичниот оддел на судот може да се констатира дека е забележено минимално зголемување во решавање на заостатокот, ова е како последица на тоа што во ноември 2013 година ОЈО Радовиш иницирал повеќе кривични постапки, примени се барања за поведување прекршочни постапки во периодот ноември декември 2013 година што објективно не можеле да бидат завршени до крајот на 2013 година.

Од жалбената постапка, во рамки на Апелацискиот суд Штип, во текот на годината вратени се 116 предмети, што во соодност со предметите во кои е донесена одлука изнесува 10,2%, односно 8,59% во соодност со вкупно решените предмети.

Од вратените предмети, потврдени се 63 или 54,32%, 15 предмети се преиначени или 12,93% и 38 предмети се укинати или 32,75%.

Квалитетот на постапување по прекршочните предмети не задоволува, бидејќи високо е учеството на укинатите предмети, како и на преиначените. Нивниот збир е 45,68%.

Ако се цени преку соодносот со вкупно решените предмети, сепак е релативно мало учеството на укинати и преиначени предмети или 3,92%.

Во жалбена постапка пред Апелацискиот суд Штип вратени се 76 предмети.

Од вратените предмети потврдени се 52 предмети или 68,42%, преиначени се 9 или 11,84% и укинати се 15 предмети или 19,73%. Со оглед дека во 2012 година биле пренесени 280 предмети, бројот од 15 укинати предмети не е алармантна големина.

Во извештајниот период евидентирани се 3 стари кривични предмети, 1 стар вонпроцесен предмет и 17 стари оставински предмети доверени на нотарите како повереници на судот.

Потребно е ослободување на просториите во судот кои ги користат ОЈО, Агенцијата за катастар на недвижности, подрачна

единица Радовиш и Управата за јавни приходи како и обезбедување на посебен влез, заради остварување поголема безбедност при работењето на судот.

Финансиските средствата не се доволни за надмирување на доспеаните обврски од претходниот временски период и за намирување на најитните обврски од тековната година.

Може да се констатира дека судот е **апсолутно ефикасен** од причина што заостатокот на предмети може да се реши за период помалку од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

Во текот на извештајната година, Основниот суд Свети Николе имал во работа **вкупно 5972 предмети** од кои **817 незавршени предмети од претходната година и новопримени 5161 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 5223, а останале нерешени 749 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Свети Николе го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 68 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **570 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 3548 предмети,** со што **вкупно во работа биле 4112 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **3629,** со што останале **483 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Свети Николе, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 87 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **1860 предмети** од кои 247 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 1613. **Во текот на годината решени биле 1594,** со што останале **266 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Од вкупно решените предмети на ниво на кривичен оддел обжалени биле 42 предмети или 35%, потврдени биле 25 предмети или 59,52%, преиначени биле 10 предмети, или 23,80% и укинати 8 предмети или 19,04%. Од вкупниот број на решени предмети потврдени биле 20,83%, преиначени 8,30% и укинати 6,67%.

Од вкупно обжалените 165 предмети на ниво на граѓански оддел потврдени биле 126 предмети или 76.36%, преиначени биле 9 предмети или 5,45% и укинати 18 предмети или 10,91%. Од вкупниот број на решени предмети потврдени биле 11,50%, преиначени 0,82% и укинати 1,64%.

Во Основниот суд Свети Николе нема стари предмети.

Во Основниот суд Свети Николе предвидени се 6 судии. Во текот на 2013 година судиската фунција ја извршувале четворица судии избрани во судот и еден судија делегиран од Основниот суд Радовиш, така што останало непотполнето местото за уште еден судија.

Судот има обезбедено информатичка опрема – компјутери, печатари кои ги користи оптимално, но не се доволни за вршење на тековната работа на судот. Кај дел од компјутерите се чувствува застареност и потребно е итно набавување на нови компјутери.

Судот има неизмерени обврски до 31.12.2013 година вкупно 2.067.979,00 денари.

Основниот суд Свети Николе е **апсолутно ефикасен суд** бидејќи заостатокот на предметите може да го реши за помалку од 2 месеци.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

Во текот на извештајната година, Основниот суд Струмица имал во работа **вкупно 27511 предмети** од кои **4436 незавршени предмети од претходната година и новопримени 23091 предмет.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 23264, а останале нерешени 4247 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Струмица го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 189 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **4194 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 15375 предмети,** со што **вкупно во работа биле 19559 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **16257,** со што останале 3302 **нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Струмица, го има совладан приливот, а заостатокот е намален за 892 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **7952 предмети** од кои 242 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 7716. **Во текот на годината решени биле 7007,** со што останале **945 нерешени предмети на крајот на 2013 година.**

Во кривичниот оддел вкупно имало 209 обжалени предмети или 16,6% од вкупно решените предмети. Потврдени се 129 предмети или 61,7% од вкупно обжалените или 10,3% од вкупниот број на решени предмети. Преиначени се вкупно 21 предмет или 10% од обжалените предмети или 1,7% од вкупно решените предмети. Укинати се вкупно 58 предмети или 27,8% од вкупно обжалените предмети или 4,6% од вкупно решените предмети.

Во прекршочниот оддел имало вкупно 182 обжалени предмети или 6,7% од вкупно решените предмети. Потврдени се 145 предмети или

79,7% од вкупно обжалените или 5,4% од вкупниот број на решени предмети. Преиначени се вкупно 4 предмети или 2,2% од обжалените предмети или 0,1% од вкупно решените предмети. Укинати се вкупно 33 предмети или 18,1% од вкупно обжалените предмети или 1,2% од вкупно решените предмети. Има намалување на обжалени предмети.

Во граѓанскиот оддел имало вкупно 288 обжалени предмети. Од нив потврдени се 216 предмети или 75% од вкупно обжалените или 20,7% од вкупниот број на решени предмети. Преиначени се вкупно 28 предмети или 9,7% од обжалените предмети или 2,7% од вкупно решените предмети. Укинати се вкупно 44 предмети или 15,3% од вкупно обжалените предмети или 4,2% од вкупно решените предмети.

Во стопанскиот оддел вкупно се обжалени се 153 предмети. Од нив потврдени се 126 предмети или 82,4% од вкупно обжалените или 32,1% од вкупниот број на решени предмети. Преиначени се вкупно 6 предмети или 3,9% од обжалените предмети или 1,5% од вкупно решените предмети. Укинати се вкупно 21 предмет или 13,7% од вкупно обжалените предмети или 5,3% од вкупно решените предмети.

Нерешени стари предмети во месец декември 2013 година вкупно имало 46 предмети од кои 10 во кривичниот оддел и 36 во граѓанскиот оддел.

Основниот суд Струмица работите од својата надлежност ги извршувал со 21 судија заедно со Претседателот на судот, иако според Систематизацијата во Основниот суд Струмица треба да бидат распоредени 26 судии. Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица предвидени се 131 работно место од кои потполнети се 90.

Во однос на буџетските средства истите не ги задоволуваат потребите на судот, поради што на крајот од 2013 година судот има вкупно неизмирени обврски од 13.598.904,00 денари.

Имајќи ги во предвид изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Струмица во извештајната 2013 година посветил внимание за да го совлада приливот на предметите во граѓанскиот и во кривичниот оддел, го совладал приливот, исто така решени се повеќе предмети во споредба со претходната година.

Судот е **апсолутно ефикасен** имајќи предвид да заостатокот на предмети судиите можат да го решат за 2,1 месец.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

Во текот на извештајната година, Основниот суд Штип имал во работа **вкупно 17242 предмети** од кои **2603 незавршени предмети од**

**претходната година и новопримени 14645 предмети.** Во текот на 2013 година, **вкупно биле решени 14252, а останале нерешени 2990 предмети.** Во текот на 2013 година, Основниот суд Штип не го совладал приливот, а заостатокот го зголемил за 387 предмети.

Во однос на **предметите опфатени со ориентационата норма,** во судот имало **2185 предмети од претходната 2012 година, новопримени биле 10948 предмети,** со што **вкупно во работа биле 13127 предмети. Вкупно решени предмети** во текот на извештајната година биле **10568,** со што останале **2559 нерешени предмети** на крајот на 2013 година. Во текот на 2013 година, Основниот суд Штип не го совладал приливот, а заостатокот го зголемил за 374 предмети.

**Вкупниот број на предмети во работа кои не се опфатени со ориентациона норма** во извештајната година бил **4115 предмети** од кои 418 предмети незавршени од претходната 2012 година, а новопримени биле 3697. **Во текот на годината решени биле 3684,** со што останал **431 нерешен предмет на крајот на 2013 година.**

Од вкупниот број решени предмети на ниво на кривичен оддел обжалени биле 417 предмети или 5,9%, потврдени 251 предмети или 3,5%, преиначени 35 предмети или 0,4%, укинати 131 предмети или 1,8 %/

Заостатокот во однос на претходната година на ниво на граѓански оддел е зголемен за 160 предмети. Од вкупно решените обжалени се 840 предмети или 11,6 %, од кои потврдени се 637 предмети или 8,8 %, преиначени 77 или 0,9%, укинати 132 предмети или 2 %.

Во судот стари нерешени предмети на крајот од 2013 година имало вкупно 116 предмети.

Основниот суд Штип во 2013 година работел со 94 вработени од вкупно предвидени 146 вработени или со 64 % од предвиденото. Работат 22 судии, двајца судии помалку од предвиденото. Помалку вработени од предвиденото се забележани кај административно технички персонал, дактилографи, судска полиција.

Судот е сместен во две згради споени меѓу себе во кои се сместени и други правосудни органи. Недостасува простор за сместување дактилографи и друг персонал, како и простор за чување архивирани предмети.

Во однос на опременоста на судот најголем проблем е недостатокот на компјутери за дактилографите.

Неизмирените обврски на судот за 2013 година изнесуваат 7.272.139,00 денари.

Со оглед на статистиката на предметите погоре опишана, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети судот може да ги реши за 2,5 месеци, може да се заклучи дека Основниот суд Штип во текот на 2013 година работел **апсолутно ефикасно**.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**